СОБРАНИЕ НА СЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од петнаесеттата седница на Собранието на СРЈ
Македонија,одржана на 23 мај 1991 година

Скопје,мај 1991 година

ДИСКУТАНТИ НА 15-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1.АБДИ ФАИК-41,64,151
2.АЈДАРАГА ГАЗМЕНД-17,90,143
3.АЛИУ ЕШРЕФ-12,51,85
4.АЛИУ ХАЛИТ-148
5.АНДОВ СТОЈАН-1 (дневен ред),стр.4,11,13,63,71,92 (деловник),113(организ.и делокр. На Собранието на СРМ)
6.АРСОВ ДРАГИ-11,15,48
7.АРСОВСКИ ДУШКО-131
8.АНГЕЛОВ ИВАН-100,107
9.ВОШКОВ ЈОРДАН
10.БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ-123,126
11.ГАЛЕВ-57
12.ГИГОРОВ КИРО-22 (ИНИЦИЈАТИВА ЗА НОВ УСТАВ)
13.ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР-12,36,81
14.ДАВЧЕВ САНДЕ-127
15.ДИКОВ ТОДОР-110
16.ДИМОВСКА ДОСТА
17.ЖУТА БЕЌИР-7
18.ЗАФИРОВСКИ ГОРАН-95,134
19.ЗИБЕРИ НАСЕР-14,36,38
20.ЗЛАТАНОВ ВАНЧО-97
21.ИВАНОВСКИ ЈАКИМ-40
22.ИВАНОВ РИСТО-52
23.ИВАНОВСКИ ЛУПЧО-13,20,76,134,149
24.АНКОВСКИ КРТСТЕ-54
25.ЈОВАНОВ РИСТО-137
26.ЈУЛИРОВСКА ЃУЛИСТАНА-124
27.КОЗОВСКИ ЃОРЃИ-54,141
28.КРСТЕВСКИ НИКОЛА-21,127
29.КРСТЕВСКИ ЗОРАН-38
30.ПАСАЛКОВСКИ---- 94
31.................-60,62,70,152
32.МАНЧЕВСКИ ЈОРДАН-84,143
33.НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН-142
34.НИКОЛОВ ЈОВАН-136
35.ПЕТРОВ ТОДОР-6,50,98
36.ПЕТКОВСКИ ТИТО-45

37.ПРЕВАЛА ШАБАН-31,139
38.ПОПОВСКИ КИРО-43
39.ПОПОВСКИ ЛУБОМИР-150
40.РАМАДАНИ МЕМЕТ-10,88
41.РИСТОВСКИ ВАСИЛ
42.СЕЛМАНИ АСЛАН-135
43.САДИКУ ФЕРИК-81
44.СЕЛМАНИ......-79,137
45.СТЕФАНОВСКИ ВЛАДИМИР-56
46.СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ-45,78,87,141
47.СТОЈАНОВА НИКОЛА-108
48.СТОЈКОВ СТОИЛЕ-113
49.СУЛЕЈМАН ОЛОМАН-71
50.ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА-7
51.ТОРТЕВСКИ........-39
52.ТАИРИ ЏЕЛИЛИ-55,85,96,149
53.ФАЗЛИУ АГИМ-82
54.ХАЛИЛИ МУХАМЕТ-68
55.ХАЛИЛИ НЕВЗЕТ-64
56.ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ-69
57.ХАРУНИ СЕФЕДИН-98,140
58.ЏЕМАИЛИ ВЕБИ-92,136
59.ШАЌИРИ ХИСНИ-143

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петнаесеттата седница на Собранието на СР Македонија,одржана на 23 мај 1991 година

Седницата е одржана во сала 1 со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа, пратеници,

Ја отворам 15-тата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Пратениците Марин Миленковски,Блажевски Бранко и Наиф Мустафа, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Записникот од Тринаесеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија одржана на 9 и 10 мај 1991 година ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот? (нема).

Констатирам дека записникот од Тринаесеттата седница е усвоен без забелешки.

Дозволете ми, од мое и ваше име да ги поздравам претседателот на Социјалистичка Република Македонија, членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Владата

На Социјалистичка Република Македонија,потпретседателот на претседателот на Социјалистичка Република Македонија, потпретседателите и членовите на Владата на Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Македонија, членовите на Сојузниот извршен совет од Социјалистичка Република Македонија,претседателот на Македонската академија,ректоратите на универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Битола, командантите на Скопската армиска област и на териториjалната одбрана на Македонија,лидерите на политичките партии што учествуваа на првите по-вeќепартиски избори во Републиката,претседателот на Советот на сојузот на синдикатите на Македонија, претседателот на Стопанската комора на Македонија, претседателот на Републичкиот одбор на сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија, претседавачот на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, координаторот на делегатите од Социјалистичка Република Македонија во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и поглаварите на верските заедници во Социјалистичка Република Македонија.

На оваа седница беше поканет и претседателот на Македонската академија на науките и уметностите,кој се извини што е спречен да дојде бидејќи има други обврски преземено од порано.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница поканети се претставници на Владата на Социјалистичка Република Македонија и Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за пензиското и инвалидското осигурување.

Предлагам делот на седницата одреден за пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на точките од дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог?(пратениците се согласуваат).

Се согласувате. Благодарам.

Преминуваме на утврдување на дневниот ред.

Со оглед дека информацијата за состојбите и проблемите во земјоделството (аграрот во Социјалистичка Република Македонија не дава доволен приказ на вкупните состојби во аграрот,Комисијата за земјоделство и шумарство предлага оваа информација да послужи само за информирање на пратениците за превземените тековни мерки и активности во аграрот и како одговор на Владата на Социјалистичка Република Македонија на дел од прашањето на пратеникот Тодор Петров.

Истовремено,Комисијата за земјоделство и шумарство, со оглед на исклучително тешката состојба и проблемите во аграрот, му предлага на Собранието да ја задолжи Владата на СР Македонија да изготви и на Собранието да му достави Анализа за вкупните состојби и проблеми во аграрот со предлог мерки и заклучоци за нивно надминување,а Делегацијата на Собранието на СР Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФР Југославија и натаму да инсистира на прифаќањето на забелешките и укажувањата дадени во заклучоците на Собранието на СР Македонија по Нацртот на законот за премии на оппределени земјоделски производи и за регрес на дел од каматата на кредитите за приоритетни намени во земјоделството во 19 91 година и дополнителниот предлог на СИС на Нацртот на законот за данокот на промет на производи и услуги.

Дале се согласувате со овој предлог?(пратениците се согласуваат).

Се согласувате.Благодарам.

Комисијата за деловнички прашања,пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Законодавно-правната комисија предлагаат Предлогот на Деловникот на Собранието на СР Македонија,на оваа седница да се претресе како нацрт со оглед на бројните забелешки што ги даваат работните тела и Владата на СР Македонија,кои треба да се вградат во текстот на Деловникот.

Дали се согласувате со овој предлог? (пратениците се согласуваат)

Се согласувате.Благодарам.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија,со донесување на нов Устав на Република Македонија.

2.Нацрт на деловник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

3.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите,со Предлог на закон.

4.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за унапредување на сточарството,со Предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одлгледување на кози,со Предлог на закон.

6.Предлог на финансиската програма за пошумување на голините и мелиорација и реконструкција на слабопродуктивните нискостеблени и деградирани шуми и шикари во 1991 година.

7.Извештај за работата на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во 1990 година.

8.Предлог на одлука за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

9.Предлог на одлука за образување на совет за пра-шањата на народната одбрана и за именување членови на Советот.

10.Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев-Јасмин".

11.Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органи на управување.

12.Предлог на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии односни членови на комисии за изготвување на предлози за именување на индивидуални работоводни органи.

13.Предлог на закон за ратификација на Европската конвенција за контрола на набавување и држење на огнено оружје од страна на поединци.

14.Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за сојузните административни такси.

Притоа ви се поделени два предлога од пратеникот Тодор Петров,еден е за донесување по итна постапка на Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси,со Предлог на закон.Ве потсетувам дека во исто време Владата упати ист таков предлог на закон за истата материја,само во редовна постапка.

Исто така,од пратеникот Тодор Петров поделен ви е и предлог за донесување по итна постапка на закон за забрана на

увоз на земјоделски производи и јужно овошје со предлог на закон.

Претходните контакти што ги имавме со Владата не доведоа на гледање дека и овој закон односно и овој предлог треба да оди по редовна постапка откако ќе го разгледа и ќе даде мислење и Владата.

Молам,имајќи ги овие околности во вид,а во врска со предлогот овие закони да одат по итна постапка,првин да го прашам пратеникот Тодор Петров,дали инсистира Собранието сега да се изјасни дали ќе ги уврсти во дневниот ред или да одат по редовна постапка.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Заради штетноста и последиците кои можат да бидат предизвикани заради недонесување на закони за регулирање на овие две области кои ги предлагам по итна постапка да се донесат на оваа заедница со предлог на закон инсистирам да бидат ставени на дневен ред,меѓутоа доколку Собранието со гласање НЕ заклучи да бидат разгледани по итна постапка предлагам да бидат разгледани на првата наредна седница на Собранието по скратена постапка. Нагласувам дека штетноста од последиците кои ги претрпува и земјоделството и приватното стопанство со оние односи кои се предлагаат се големи и од час во час состојбата станува се потешка.

Јас се извинувам заради здравствената состојба што не не се во можност да ги достават неколку дена порано, па ги доставив денес и ги имате добиено во текот на самата седница. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа,да го чуеме претставникот на Владата бидејќи за изјаснување на Собранието претходно деловнички е потребно мислењето на Владата.

Ве молам претставникот од Владата да земе збор.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитуван претседателе,почитувани пратеници, во однос на предлогот да се стави на разгледување по итна постапка законот за измена на административните такси, како што соопшти претседателот Владата достави таков предлог во Собранието. Има елементи да се расправа, меѓутоа ние сметајќи на дневниот ред што е денеска оценивме дека не е добро да го занимаваме Собранието денес со тој закон. За десетина дена очекуваме нова седница на Собранието па може да се гледа на таа седница.
"
СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам да се изјасниме по овој предлог.

Кој е за предлогот на господин Петров да се уврсти во дневниот ред по итна постапка, молам да крене рака.

За предлогот на Тодор Петров гласаа 31 глас.

Кој е против предлогот?

Против предлогот гласаа 56.

Кој се воздржува од гласањето? (2 воздржани)

Според тоа Предлогот на пратеникот Тодор Петров не е прифатен да се расправа по овој закон по итна постапка.

Ве молам за мислењета Владата по вториот предлог на Тодор Петров за донесување на закон по итна постапка.

БЕЌИР ЖУТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со предлогот да се донесе закон по итна постапка со кој би се забранил увозот на одредени земјоделски производи, прво би сакал да ве информирам за следното: во основа таа функција е во надлежност на СИС.

и на Сојузното Собрание.Меѓутоа,независно од тоа, Републичката влада уште од првите денови од конституирањето се ангажира интензивно во врска со проблематиката во земјоделското производство,а во тој контекст и либералниот увоз и ефектите што таквиот увоз ги има врз земјоделското производство во Републиката.Во тој контекст и со контактите меѓу претседателот на Владата и претседателот на СИС се иницирани одредени решенија кои би оделе во прилог на заштита на земјоделското производство во СРМ.Извесни уверувања во тој поглед стојат дека ќе се интервенира од една страна, исто така наредната средба на ниво на претседателот на Владата и СИС ќе се потенцира најактуелното прашање за да се забрза процедурата околу тоа прашање за да се фати сезоната и да се елиминираат последиците.

Од друга страна на линија на министерството за земјоделство,а преку Владата на Македонија се воспоставени директни контакти со сојузното министерство надлежно за оваа проблематика и СИС за преземање на одредени итни мерки. Тие не само што писмено се презентирани туку се и усмено во име на Владата на Републиката на СИС. Во текот на последната седница на Владата добивме информација од кабинетот на еден од потпретседателите на СИС до кабинетот на Јован Андонов во Владата на Македонија со која не известуваат дека веќе преземаат одредени мерки и се во некоја процедура која се уште не е окончана.Се прашувам, покрај сите овие напори што се прават на тој план, а имајќи ја предвид надлежноста на оваа проблематика која е во сојузна надлежност,дали Собранието треба да прифати во овој момент ваква иницијатива, да расправа за донесување на ваков закон по итна постапка, кој во прв ред за материја за која не сме надлежни, а имајќи ги предвид фактите дека се во тек во СИС и затоа сметаме дека не би требало денес да се расправа од потребата за донесување ваков закон по итна постапка.

СТОЈАН АНДОВ:

Го имате мислењето на Владата.

Бидејќи господинот Петров инсистираше да се стави на дневен ред неговиот предлог го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За предлогот гласаа 36 пратеници.

Молам, кој е против предлогот да крене рака.

Против предлогот гласаа 48 пратеници.

Молам,кој се воздржува од гласање?.(9 пратеници)

Според гласањето,констатирам дека предлогот на Тодор Петров не е прифатен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.(Го чита претходно најавениот дневен ред без измени).

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има предлози за изменување и дополнување на дневниот ред?

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Господине, претседателе, дами и господа

Сега доаѓајки на оваа седница видов пред Собрание се собрани граѓани кои изразуваат револт. Тој револт го изразуваат затоа што последниве денови и вчера почнуваат со една акција за уривање на куќи во општината Чаир.Иако јас слушнав дека вчера паднале доста тешки навредливи зборови при таа акција, па барам денеска да се расправа во една од точките на дневниот ред и за овој проблем во врска со уривањето на куќите во општина Чаир. А во меѓувреме министерот г-динот Лепавцев да ни подготви една информација, однсоно усмено да не информриа, затоа што проблемот не чека.Јас мислев да се постави како пратенилчко прашање, меѓутоа граѓаните се пред Собранието, мислам дека би требало денеска да се расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Го известувам Собранието дека граѓаните кои се сега пред Собранието побараа да бидат примени од претседателот на Републиката, или од претседателот на Собранието. Бидејќи во овој момент ние не сме во состојба да ја напуштиме седницата и да примаме делегација од граѓаните, јас го замолив потпретседателто на Собранието г-динот Арсов кој во договорот со потрпетседателите оваа година ме заменува таму каде што јас не можам да бидат, да ги прими заедно со министерот за урбанизам, градежништво и човекова околина и екологина г-динот Лепавцов.

За уврстување во дневен ред на оваа точка сепак ние би можеле не содржински,туку ако има политички аспекти да ги разгледаме а содржински тоа е материја регулирано во градот и надлежни се градските органи.Јас предлагам задолжените да примат делегација од граѓаните, а белешката потоа да се достави до пратениците од тој разговор.

ДРАГИ АРСОВ:

По претходните консултации со заменикот на Пратеничката група на ВМРО и со разговоорт што го имав со претседателот на Собранието г-динот Стојан Андов,му укажав на овој проблем дека потпретседателите што сме избрани овде ресорски сме задолжени по определени области и бидејки за тој ресор,односно за стопанските и комуналнтие проблеми е задолжен и најдобро е таа проблематика ја познава и во тек со тие програми г-динот Киро Поповски и јас му предложив дека тој треба да појде заедно со министерот за комуналии и да ги прими граѓаните и да понудат соодветни решенија за надминвуање на тој проблем.

Сигурно дека ова прашање има и политички карактер, но јас во моментот не гледам дека тој проблем е непосредно сврзан со политичкиот систем кој сектор јас го покривам.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас го разбирам г-динот Арсов што незгодно му е да појде во една ваква задача,меѓутоа тие можеби не сакаат да зборуваат за комунални прашања,но во Собранието се обраќаат по политичката суштина на ова прашање,друго, само потсетувам дека во склад со уставните одредби претседателот ги определува потпретседателите

со која задача ке бидат задолжени,а јас ви реков дека него го одредив како потпретседател кој ме заменува цела оваа година каде јас не можам да бидам, а тие бараат да се сретнат со претседателот на Собранието,а не со надлежниот со комунални и економски прашања.Затоа го молам г-динот Арсов да си ја прифати таа задача и да оди да ја извrши.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Претседателот на Собранието г-дин Андов во еден момент многу фино го лоцира проблемот и не гледам причина да се руши достоинството на ваква институциЈа за комунален проблем кој што може и има малку политички димензии, но кои не се такви денеска со ваков дневен ред да доаѓа до раздвојвуање на раководната структура,се плашам тоа да не се први симптоми на некој политички игри кои што како во пракса треба да ги воведеме во Парламентот.Мислам дека денеска не треба никој да разговара со граѓаните.Си постои една празна процедура и нека се спроведува процедурата на нивоа и хеарархиските нивоа како една првна држава ги има предвидено.Молам денеска во потполн состав Парламентот да разговара за работите кои се во дневен ред.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Почитуван претседателе,почитувано претседателство, почитувани пратеници,почитувани претставници на Владата, дами и господа.Барам да не се снима,нема ништо паметно да кажам.Сакам да замолам,сосема спротивното го мислам од тоа што претходниот господин го изнесе.Сакам да ми се овозможи во оваа сала,во оваа припрема на овој голем, значаен свечен чин и јас свечано да се чувствувам и во душата исто така.Затоа барам под итно, по

Сериозно е да се свати доаѓањето на граѓаните пред Собранието.
Не сакам да внесам немир и да ставам црна дамка на свеченоста, туку да придонесам навистина овој миг да биде свечен, запаметен само како таков и никако подруго, бидејки начинот на кој се излезени мерките вчера на теренот на кој јас живеам се далеку до цивилизациски.
Сосема далеку и ништо немаат заеднички со човечкото однесување.Затоа барам да се најде начин да се договори некој со граѓаните да си разотидат, цела Македонија знае и веројатно и граѓаните се спремни да го споделат овој свечен чин заедно.Луѓето да се отстранат од пред Собранието, да се направи едка кратка информација, со
договор кога како оваа Влада, ова Собрание искуство има и за прв пат граѓаните не се тука дојдени.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас укажувам дека по разни прашања група граѓани доаѓаат овде и ние треба со сите граѓани во секоја ситуација на еднаков начин да се однесуваме.Доаѓаат и за неземени плати и заради тоа што му задоцнуваат платите и за водовод итн.Секогаш сме излегувале во пресрет да бидат примени и досега откога сум јас претседател ниеден потпретседател не одбил да си ја изврши задачата.
Јас предлагам да се договориме така како што сите и во прописите а исто така и како што вам ви предложив.Тоа ќе даде достоинство на нашата денешна седница,немаме никаква потреба да создаваме околности кои не ни се потребни, а јас никого не го задолжувам да прави таму отстапки, туку да ги сослуша и да даде белешка на надлежните органи и евентаулно до пратениците овде.Тоа е наша практика, тоа го правиме постојано.

НАСЕР ЗИБЕРИ

Почитувани пратеници, го поздравувам овој потек на претседателот Андов да му се излезе во пресред на луѓето кои,имаат доверба во ова Собрание,затоа и се дојдени овдека.Но тие ќе имаат доверба во ова Собрание и ќе го чувствуват како легитиме нивен орган се додека ова Собрание ќе им излезе во пресрет на тие луѓе.

Второ,тенденцијата проблемот да се минимизира и сведе само на урбанистички,односно технички проблем, го сваќам како тенденција во оваа Република да се создаде таква клима каде што од ден на ден ќе никнат скандали кои знаат каде не водат.Впрочем во минатото имавме такви случаеви каде од еден прост проблем паѓаа и жртви и се исполитизира проблемот и се искомплицира,така да немавме лице и пред нашата и пред светската јавност да излезат.Затоа јас предлагам да се прифати оваа молба пред луѓето да се излезе,но не само тоа зашто луѓето до грло научени со вакви работи да им се излезе во пресрет,да се зборува, а потоа работите да течат како ќе течат се додека не се случи некој посериозен проблем.Затоа предлагам под итно да се стопира рушењето и преземените мерки итно да се престани со носење на каманолни полицајци итн.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам,не одиме во расправа.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Не одиме во расправа, овој е мој предлог да не се исполитизира проблемот.Потоа можат да се видат сите околности, формално правните аспекти и сите други работи меѓутоа, во моментот состојбата да се смири, предлагам ова да се стопира.

СТОЈАН АНДОВ:

Еве г-дине Петковски сам се понуди,тој прифака да прими делегација и да разговара со луѓето и да се обиди да се смири,заради фактот што г-динот Арсов не прифаќа.

ДРАГИ АРСОВ

Сакам уште еднаш да укажам на однесвуањето на претседателот на Собранието на г-дин Андов.Тој еднаш ги опрделил потпретседателите во однос на нивните задолжувања.Зошто сега ме доведува во ваква позиција, на ново да ги определува нивните надлежности.
Ние еднаш сме се договориле.Јас инсистирам да останам овде,токму поради тој сектор што го покривам, на дневен ред е предлогот да се пристапи кон измена на Уставот и донесување на нов Устав.
Тоа е едно од доминатните прашања во политичкиот систем. Не од причина што не ја чувствувам тежината на тој прблем. Не од тоа што немам респект спрема барањата на граѓаните, туку токму поради задолжувањата што ги имам во однос на припадноста на проблемите што спаѓаат во овој ресор, ценам дека е потребно овде да останам,ДОДЕКА се води распрвата по првата точка.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, доколку сака г-дин Арсов да остане,нека остане.Неговото ангажирање во ресорот за кој зборува, тоа не е ресор,тоа е сектор кој што треба да ни помага. Оценувам јас како треба да ни помага по прописите. Ако тој сака да остане, нека остане.
Има устав во земјата, па се знае како стојат работите, а г-дин Петковски го определувам и нека појде да ја заврши оваа работа, да немаме тука непријатности.

ЏЕЛАЛИЛ ТАИРИ:

Дами и господа, се согласувам господин Петковски да оди на овој разговор со граѓаните, мегутоа само да потсетам дека пред неколку месеци по ова прашање ние усвоивме една Информација од Стеј-де партментот каде што јасно пишуваше што се случило пред тоа во оваа Република.

СТОЈАН АНДОВ:

Го ставам на изјаснување предлогот дали да се уврсти во дневен ред.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Би сакал само да укажам да се запази потполн реципроцитет, бидејќи сведоци сме за вчерашниот и денешниот ден на настаните што се случуваат во Дебар, каде наши Македонци се на многу груб начин малтретирани, шиханирани, на нелегален начин бркани од работа, па барам ако веќе биде одредено,бидеме прегласани сега,биде одредена група што ќе преговара со господата што се овде пред Собрание,тогаш истата таа група да оди во Дебар и да се запознае со проблемите на нашите Македонци таму,каде што се на највулгарен начин малтретирани од страна на Албанците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е **предлог за дневен ред**.

Има еден предлог **по кој треба да се** изјасниме,**а сега има** и **други предлози.**

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе,почитувани пратеници и гости, незнам зошто се злоупотребува со ова говорница. Меѓутоа, многу ми **е** жал,господинот Пановски изгледа сака да создава проблеми каде **што** не постојат.Ние имаме правна држава и **сето тоа што** е сторено во Дебар е **сторено во** рамките на правната држава.

(Во салата настана негодување и тропање).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте, нема расправа за тоа, немојте да рас-правате за тоа. Не расправаме,ниедна од овие точки сеуште не е уврстена за расправа.Ве молам, на овој начин фактички оневозможувате редовно да работиме.

Затоа,го ставам на гласање предлогот на господинот Исмет Рамадани.

Кој е за оваа точка да се стави на дневен ред, молам да крене рака.(22 пратеници креваат рака).

Во текот на седницата да се достави информација.

Дали има некој против?(71 пратеник е против).Дали некој се воздржува од гласање?(Двајца пратеници се воздржуваат од гласање).

Констатирам дека овој предлог на господинот Исмет Рамадани не е усвоен.

Дали има други предлози за изменување и дополнување на дневниот ред?

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Јас предлагам точката 10 според новиот редослед да се одложи за некоја од наредните седници,бидејќи сметам дека тоа Собрание треба да се произнесе околу Законот за републичките награлк и конкретно за ова нграда,а дури потоа, доколку Собранието одлучи дека сепак сеуште ова награда треба да егзистира на овој простор,да донесе одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата.Со оглед на карактерот на седницата,не би образложувал пошироко, но доколку бидам над-гласан во гласањето по оваа точка,сепак оваа точка да остане на дневен ред,своето образложение ќе го поднесам во рамките на точката.

Потоа,не ми е јасно зошто од Дневниот информатор денес е изваден текст,се симнува точката 8.Информација за состојбите и проблемите во земјоделството т.е. аграрот во СР Македонија.

Имам чувство дека нарочно некои работи се амортизираат и одвлекуваат, а ми се чини дека токму тие се најакутните, аграрот и стопанството,она што долго време го бараме да биде на расправа на оваа седница,но некако нешто се одбегнува,просто се амортизира.Би сакал да ми се објасни зошто точката 8 е симната од дневниот ред,а потоа Собранието да се произнесе со гласање за симнување на точката 10.

СТОЈАН АНДОВ:

Да одиме по редоследот што го посочи господинот Јакимовски.

Како што се сеќавате,јас овде ви прочитав зошто Информацијата за состојбите и проблемите во земјоделството и аграрот во СР Македонија сега се симнува од дневен ред.

Дали Владата сака да даде уште дополнително објаснување? (Не).

Како што знаете,со целиот овој проблем ве запознав и Собранието се согласи,но повторно ќе ви го прочитам тоа.

Со оглед дека Информацијата за состојбите и проблемите во земјодалсхаото во СР Македокија не дава доволен приказ на севкупните состојби во аграрот, Комисијата за земјоделство и шумарство предлага оваа информација да послужи само за информирање на прате-ниците за преземените тековни мерки и активности во аграрот и како одговор на Владата на СР Македонија на дел од прашањето на пратеникот Тодор Петров.

Истовремено,Комисијата за земјоделство и шумарство со оглед на исклучително тешката состојба и проблемите во аграрот му

предлага на Собранието да ја задолжи Владата на СР Македонија да изготви и на Собранието да му достави анализа за вкупните состојби и проблеми во аграрот,со Предлог мерки и заклучоци за нивно надминување,а делегацијата на Собранието...

Сето тоа овде ви го прочитав,прашав и дали се согласува со тоа Собранието и констатиравме дека Собранието се согласува.Можам повторно се да ви прочитам, земете го стенограмот,сите се согласиле и тоа го сметаме за минато.Ако сакате да воведеме практика повторно да ги провериме,можеме повторно да ги провериме работите.

Господине Јакимовски по првото прашање само.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Мене навистина ми е жал седницата што поприма ваков карактер,а требаше да има поинаков.Многу ми е жал што мора сега да се каже тоа што треба да се каже веќе од поодамна,начинот на водењето на седниците и утврдувањето на дневниот ред и по многу други прашања,кога претседателот сам прашува и сам одговара се согласувste? се согласувате, а тоа треба да се реши со гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам,тоа е деловничка одредба каде јас прашувам дали Собранието се согласува.Ако има предлог по тоа да се гласа,ќе гласаме.Јас прашувам дали се согласувате,заради тоа што тоа е став на надлежното работно тело на Собранието.Ако господинот Јакимовски сака по ова да се гласа,ќе се вратиме назад, повторно можеме да гласаме. (Не инсистира).Не инсистирате?Значи, сакате само да афирмирате некој нов метод.

За точкаата 10.го молам претставникот на КОмисијата за избори и именувања да го изнесе ставт на предлагачот.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Ова прашање за наградата "Мито Хаџивасилев-Јасмин" беше присутно кај Комисијата,меѓутоа, Комисијата имаше за задача да предложи Одбор за доделување а не за целесообразноста на наградата и на Законот.Тука е на дневен ред само предлогот да се формира нов одбор(бидејќи претходниот состав е истекнат, не може да се цени целесообразноста на наградата).

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа,ние немаме точка на дневен ред да расправаме за целесообразноста на наградата.Тоа ќе го правиме кога ќе биде законот за тоа доставен овде,а сега Комисијата предлага само она што по пропис сме должни на оние на кои им истекнал мандатот да ги замениме со нови.

Го ставам предлогот на господинот Јакимовски,оваа точка да се симне од дневен ред на гласање.

Кој е за,молам да крене рака?(28 пратеници креваат рака).

Дали има некој против?(65 пратеници се против).

Дали некој се воздржува од гласање?(Двајца пратеници се воздржуваат од гласање).

Според тоа,предлогот на господинот Љупчо Јакимовски не е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот на дневниот ред што го прочитав,бидејќи ниеден од предлозите овде за изменување и дополнување на тој дневен ред не е усвоен

Кој е за,молам да крене рака.(88 пратеници креваат рака).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник се воздржува од гласање).

Има некои кои не гласале.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на првата точка- Предлог да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија,со донесување нов устав на Република Македонија.

Претседателот на СРМ во смисла на амандманот 79, точка 1 од Уставот на СРМ поднесе Предлог да се пристапи кон измена на Уставот на СРМ со донесување нов устав на Република Македонија.

Предлогот на претседателот на СРМ ви е доставен. Мислењето на Владата и извештаите на комисиите на Собра-нието на СРМ, ви се доставени односво поделени.

Образложение по Предлогот да се пристапи кон измена **на**Уставст на СРК,со донесуваље нов устав на Република Македонија,ќе поднесе претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Почитуван претседателе,претседателство,почитувани пратеници, денес имам чест и задоволство да ја образложам иницијативата за донесување нов устав на Република Македонија. Кон тој акт пристапуваме како значајно институционално оформување на правните основи на државниот,политичкиот и економскиот систем на нашата земја.

Новиот устав треба да биде,историски гледано, завршен акт наеден долг историски процес започнат со Манифестот на Крушевската
Република,потоа на АСНОМ, уставите на СР Македонија,амандманите на постојниот устав и Декларацијата на овој Парламент за суверена македонска држава.Дело на многу генерации,плеада,револуционери и борци,преродбеници,учители и културни дејци,без сите нив и особено без Илинденското востание,великанот Гоце Делчев и неговите соборци и народните херои од НОБ на нашиот народ во Втората светска војна и 100-илјадната македонска војска,денес не би имале држава.Тие настани и нивните дејци,жртвите дадени за да можеме денес да живееме слободно и да пристапиме кон овој чин,вткаени се во модерната историја на нашиот народ.

Иако сувереноста ќе ја оствaруваме на дел од територијата на Македонија, таа има историско и капитално значење и дава оправдани надежи дека во современите европски процеси кои водат кон здружување и сестрана соработка со мирољубива и мудра политика постепено ќе се доближуваме до духовното културно и економско единство на македонскиот народ.Денешните генерации и тие шт одат треба да ја имаат таа цел пред себе како врвна задача на нашата национална програма.Но исто така,нашата преокупација мора да биде новиот устав во полна мерка да се оживотвори нашата најсушна потреба за сожителство во Македонија на сите што живеат во неа,без оглед на националноста,културата и верата.На сите нас Македонија ни е татковина,сите кон неа треба да се однесуваме ед-накво, да ја градиме,да ја браниме и пред се да живееме сложно со полно меѓусебно уважување и толеранција. Се што е наше позитивно и меѓународно искуство на тој план треба да се вгради во новиот устав.Ова е време на повишени страсти,националистички искжавувања и ако не водиме сметка за се што се случува особено во

Југославија и за сите можни последици во меѓунационалните односи,можеби децении потоа ќе бидат потребни за да ги залечиме раните,големи и тешки напори.Најдобро е да се потсетиме на мудроста на нашите претци кои умееле да живеат заедно како комшии,како луѓе, заемно да се помагаат и почитуваат. Кога ќе помине ова време,ќе се увериме дека не само што мораме, туку и умееме да живееме заедно и заедно да го градиме нашиот заеднички дом.

Иако сме свесни дека денес се води пресудна битка токму за суверена македонска држава на сите граѓани што живеат во неа со сите нејзини белези, иако знаеме од каква важност е да се потврди извоборената сувереност на републиките во сегашната југословенска заедница,не смееме ни за миг да заборавиме од каква важност е нашата држава да се втемели и гради врз основа на демократијата и владеењето на правото.Всушност, слободата, правото на самоопределување, полната сувереност се во најтесна зависност со демократскиот карактер на нашето општество.Не може да се чува и брани сувереноста на земјата без слободен граѓанин,без правна сигурност, без тоа да биде тој хегемон на сувереноста на македонската држава.

Од тука, нашата определба која Уставот треба до крај да ја изрази е демократски поредок во полна смисла на зборот, владеење на правото како врховна максима на цивилизирано општество.Не треба да не заблудат оние кои во разни делови во Југославија говорат за тоа дека е ова Балкан дека нема демократски традиции,дека сме ние специфично подрачје во кое демократијата треба постепено со лажичка би рекол да се дозира.На овие простори уште

од древна Влада, кога се родила демократијата,нашите корени потекнуваат и од таа цивилизација и немаме никакви причини да го потценуваме демократското чувство на нашиот човек.Ако можевме за 45 години да создадеме културни блага,со кои се гордееме, ќе умееме да живееме во демократија и да ја браниме демократијата.

Затоа,нашиот устав треба да ги преземе сите стандарди на современото демократско општество, да не се плашиме од премногу слободи.Заедно со неа ќе расте и свеста и одговорноста на граѓанинот дека се брани демократијата од секое насилство и посегање по човечките слободи.Со живеењето во такво општество ќе се создава и политичка култура,толеранција и парламентарен политички живот.Не гледам причини во тој поглед Македонија да не предњачи и да даде свој прилог во конституирањето на иден нов европски балкан.Нашите и општочовечки и национални интереси се содржина на таа ориентација.

Во новиот устав основните човекови права и слободи, почитување на човековото достоинство треба да бидат стожерот на Уставот.Врз нив треба да се темелат политичкиот систем и парламентарната демократија и врз нив да израснат политичките и државни институции со сите гаранции за оживотворување на поединечните и колективните права на граѓаните.

КИРО ГЛИГОРОВ:(Продолжение)

Нашиот нов устав треба да се чува од било какво идеологизирање.Идеологиите се реѓаат и исчезнуваат. Нашиот устав,иако неможе да го изрази времето во кое живееме,треба да се чуваме од дневно-политички и партиски преокупации во неговото конципирање и да се свртиме **к**он кодифицирање во неко на се што е општо човечко проверено и докажано во најпрогресивните светски сознанија и искуства.Уставот не смее да биде под нивото на било кој современ устав на најдемократските општества. Да го направиме тој скок во општествениот развој, еднаш усвоените слободи на тој начин ќе бидат усвоени засекогаш. Јас сум уверен дека нашиот народ ќе умее и да го цени и да го брани таквиот поредок.Затоа, уставот треба да биде краток со јасни **п**равни формулации, со определби кои **не** трпат битно различно **т**олкувања. Со **својата шир**очина пак од друга страна **и во** исто време Уставот **треба да** остава простор **ѕа** прилагодувања што ќе ги носи животот во себеси преку позитивната практика и без потреба за чести измени преку амандмани или уставни **ѕ**акони. Тоа е можно ако немаме амбиција се и сешто да нормираме и да го вклопиме животот во прекрустовата постела.Животот е побогат, поразновиден и непредвидлив и било кој обид да се стави во однапред утврдени регули **само** ќе предизвика судири, чести промени и несигурност во потврдувањето на темелните права и односи. Ни демократскиот поредок, колку да е совршен не може до крај да ја спречи монополизацијата на власта. А природата на човекот е таква што ако не се утврдат си-гурносни механизми, за час може да се јави обид за моќ,авторитарно владеење и узурпација на власта. Уставот не смее да се гради според присутниот распоред на снагите и одделни личности, туку како траен

документ во кој се вградени сите сознанија од демократската практика и нејзината употреба.Во таа смисла битна е поделбата кон секветно изведена помеѓу законодавната,извршната и судската власт. Тоа е основната брана од монополот на власта,како и услов за полна контрола,рамнотежа и ефикасна соработка помеѓу поделените власти.На тоа се надоврзуваат и сите видови на вонпарламентарно здружуваље и дејствуваље.Разбудената јавност со слободен печат и сите видови на слободен проток на информации. Демократското општество е сложен мозаик во кој Парламентот и парламентарниот живот се само стежерот околу кој се гради еден богат, културен политички и стопански живот. Се заедно само така се добива слика дали едно општество е демократско и во која мерка. Но, да не заборавиме дека демократско општество не е со неодговорни граѓани. Неговото битие го изразува правната држава.Неприкосновеното почитување на законите донесени по демократски пат.Без тоа многу бргу би била загрозена и самата демократија во нејзините темели. Зарем има подобра илустрација за таквата опасност од денешната Југославија во која се урна целиот правен поредок, законите до крај се релативизирани, што не е без огромно влијание врз меѓунационалните односи, меѓунационалните судири, застрашувања, грабежи и кржења на елементарните права на човекот и на републиките. Ако таквата положба ја ставиме во контекст на со неизбежните промени после сломот на еден систем и обидот да се излезе од оваа тешка економска и општествена криза, оправданите инспирации на секој народ и држава да се најдат нови основи за заеднички живот, сепак примерот на Југославија во оја се распаѓа еден поредок е моментот кој укажува што се треба да сториме да сузбиеме такви

заблуди и грешки во нашата држава организирана како суверена и демократска.Со еден збор кога се прават законите не смее да преовладува некое моментно видување и интерес.Законите треба да се поставaт на проверени основи.Да се уважуваат научните и експертските мислења.И за сите чувствителни прашања да се постигнува договор, особено за некои чувствителни меѓунационални проблеми. Ако така се поставува правната држава ќе биде потполно легитимирана стриктно да ги применува законите кои се општо прифатени.Сите пред нив треба да бидат еднакви, органите да имаат за единствена задача да обезбедат триумв на правото и правдата.Од римското право е уште познато односно позната максимата "законите кои масовно се кршат не се закони".Би можело да додадеме "држава во која масовно се кршат законите не е правна држава и не е во состојба да го обезбеди демократскиот правен поредок". Наместо политички и историски повици, да не се почитуваат позитивните закони, па и секој да си ја врши граѓанската должност неопходни се во случаите кога некои закони се евидентно надминати или неправилни, заради загрозувањето на правата на луѓето, патот е да се отвори дијалог, заради трпелива проверка на нештата и промена на Законот, а не неговото анархично и влагантно кршење. Ако ништо друго таквите состојби водат кон непочитување на правото воопшто, а не само на евентуално неправедниот закон. Кога во свои раце ја преземат проценката за законите и правниот поредок неовластени лица или одделни организации, а нархијата и опасноста да се загрози демократскиот поредок е многу блиску.

Но, да го свртиме нашето внимание од политичката на економската сфера на општеството. Човекот не е само кон политикон, туку е и хомоекономикус. Од тоа дали ќе биде организирана оваа

сфера зависи и од политичкиот поредок и демократијата.Во овновата на нашето општествено и економско уредување треба да биде иницијативата на секој поединец,неговото неприкосновено право на слободна економска активност. Слободно секој да може да се искаже и да ги провери своите способности и слободно да стопанисува, печали и станува сопственик.Зашто, сите видови на сопственост, конкуренција пазарно стопанисување, отворено стопанство и разумна заштита,со сите погодности да се вложува капитал домашен и странски, со нужната сигурност, со нужната сигурност и заштита тоа се аксиоми без кои нема рационално и успешно стопанисување.Се разбира не станува збор за некој надминат либералистички концепт од 19-тиот век. Државата го има своето место и тоа е незаменливо во развојната сфера, во макроекономската политика, како заштитник од монополското однесување и пред се во ова особено време со својата незаменлива.

Освен тоа како битен чинител и поттикнувач на научниот технолошкиот и информативниот прогрес каде исто така државата е незаменлива.

Но, дозволете ми при крајот нашите со право големи очекувања од новиот устав како највисок правен акт на државата во извесна мерка да го приземиме тоа е сепак само акт на изразена волја, фиксираше на определени определби и достигнувања.Тој ги определува рамките на економскиот,политичкиот и општествениот поредок и како таков е навистина незаменлив.Неговото оживотворување е секојдневен творечки процес кој претпоставува дека во секој домен ќе тече незапирлива активност. Самиот устав непосредно во животот ништо не менува ако тоа не го сторат луѓето, нивните интереси и нивниот ангажман.

Тргнувајќи од Уставот ќе бидеме отворени, подготвени за разговори и преговори за идната југословенска заедница.Сб што ќе договориме ќе не обврзува и ќе стане елемент на нашето вкупно уставно уредување.Нам често ни префрлаат дека говориме само за суверена Македонија.Како да не сме во тек и немаме разбирање за современото сфаќање на сувереноста во која се доаѓа во текот на здружувањето на државите и народите како еден објективен процес во ова совремие.Далеку е тоа, серазбира од вистината.Ние сме свесни дека секое здружување бара помалку или повеќе дел од сувереноста заеднички да се обавува.Но, за тоа се неопходни две претпоставки.

Прво,за да може некој да отстапи дел од сувереноста или подобро речено заеднички да ја врши треба да стане суверен. Или тоа никој да не му го оспорува.

Второ, слободно да се договара, а не преку закани оспорување или притисоци.Ние сме цврсто определени нашиот устав да биде така конципиран, да ги овозможуза сите интеграциони текови и во идната југословенска заедница пошироко на Балканот и во Европа.Но само како рамноправен чинител и врз полното почитување на интересите на нашиот народ и на нашата Република.Со тие претпоставки ние ќе се залагаме за секој вид здружување ние ќе се залагаме за мирна разврска на југословенската криза повеќе од било кога на нашиот народ му е нужно да може слободно да живее и твори. Економски да закрепне и слободно да се изразува на сите полиња. Ако е тешка и трагична нашата историја треба да сториме се иднината да биде европска и демократска со зајакната економија и со уште поголеми културни достерли. Тоа е нашата обврска и долг

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес по Предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на СРМ со донесување на нов устав на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Шабан Превала.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано Претседателотво, почитуван претседател на Републиката, пратеници и гости, пред се би сакал да констатирам дека расправата за оваа точка, за мене значи договор за донесување на нов устав.

Лично го поздравувам и го поддржувам предлогот на претседателот Глигоров за донесување на нов устав на Република Македонија што е повод за оваа расправа. Се надевам дека со неговото донесување,оваа република ќе биде суверена држава на сите граѓани што живеаат за неа и без оглед на националната и етничката припадност.

За тоа ми влева надеж и воведот на овој предлог, според кој во донесувањето на нов устав меѓу другото се тргнува и од државно творните традиции на Круевската Република и на Антифашистич-кото собрание на Народното ослободување на Македонија (АСНОМ)

Потоа, историското заедништво на македонскиот народ со народностите на кои Македонија, еднакво како и на македонците им е заедничка држава и татковина.

Нивната заедничка борба со македонскиот народ со формирање на македонска држава заснована врз демократската заедништво и

Конечно,од современиот демократски развој на човековите слободи и на граѓанските права ВО конкретниот предлог се даваат насоките и принципите врз кој ќе се обликува новиот устав на Република Македонија.Тоа мислам дека е добро.

Според тоа иницијативата за донесување на нов устав претставува и одредена платформа врз која треба да се засновува неговата содржина.Токму тоа ни дава повод уште во оваа фаза,во фазата на договарањето, тргнувајќи од фактот дека Македонија според зборовите на претседателот Глигоров,претставува и мултикултурно општество и средина за вистинско заедништво и сожителство,да се обидам да сугерирам одредени решенија што би требало да се имаат предвид при конципирањето на одредбите на новиот устав.

Имано, со оглед на некои реалности, сметам дека Република Македонија би требало да се дефинира како суверена држава на сите граѓани на Македонија, македонците, албанците, турците, власите, ромите и други.Или пак како суверена држава на македонскоит народ и на сите други граѓани на Македонија македонците,албанците, турците, власите, ромите и други. Во таа смисла би требало да се преформулира и првата реченица во првиот дел од овој предлог. Само на таков начин ќе се материјализира определбата дека Македонија претставува заедничка татковина на сите нејзини граѓани.И, со тоа ќе се елиминира можноста на супремација на еден народ врз друг.Ќе се обезбедат претпоставки за вистинската рамноправност на сите граѓани на Македонија без оглед на нивната национална и етничка припадност.На таков начин таа на Балканот и во Светот и во Европа ќе се дефинира и како демократска држава,а македонскиот народ како соверемен и цивилзиран, а не како држава што забранува употреба на јазици, што на жалост имаше за
..... .....за прекршоци, што мислам дека

на масовно кршење на закон што навистина треба да не загрижува.Правата на сите национални и етнички колективитети сметам дека треба да бидат максимални, бидејќи со тоа не се намалуваат и правата на македонскиот народ.

Со оглед на традицијата на добрите меѓунационални односи во нашата Република во минатото, а за да не создадеме граѓани од втор и трет ред,јас сум против терминот национално малцинство за не македонското население.Повеќе бил и за терминот национален и етнички колективитет или народносни и етнички групи.

Во врска со правата на овие последниве, тие пред се треба да се признаваат како целосни,а потоа од нивната суверена и заедничка држава да се заштитуваат.Затоа и се залагам последната реченица ос ставот 4 на вториот дел на предлогот да се преформулира во оваа смисла.Новиот устав, нив, значи правата да ги сообрази со реалните состојби, односи и потреби, да ги прецизира и втемелува.

Се разбира дека во оваа област потребно е да се уважат највксоките стандарди на меѓународното право, европските и светските искуства, но би додале да не се испушти од вид и сето тоа што беше позитивно и достигнат степен до 1981 година, Исто така, не би требало да се тргнува од реципроцитетот и од тоа колку деловите на македонскиот народ ги остваруваат правата во соседните земји.Степенот на рамноправноста на македонците во соседните земји нека биде израз на демократичноста на тие земји -гордост и срам на тие држави. Ова, дотолку повеќе што, како што со право се истакна во воведниот дел на оваа иницијатива, народностите заедно со македонскиот народ за формирање на македонската држава заснована врз демократското заедништво и рамноправност.

Со оглед на тоа што се определивме за пазарно стопанство, пазарно однесување, предлагам во новиот устав да се регулира и можноста за приватни училишта што би ги основале граѓаните, а во нив наставата би се одвивала на јазик кој ќе се определат тие (македонски, албански турски франциску и др.) И школството како и здравството и некои други дејности, време е да се препушти на пазарот и интересот на граѓанинот. Време е да се ослободиме од некои соц-реалистички и национални, да не речам националистички догми.

Конечно, во петтиот дел на предлогот, на крајот предлагам да се додаде уште една реченица со следната содржина."Притоа да не се доведува во прашање еднаквоста и рамноправноста на граѓаните".

Сметам дека на таков начин поцелосно ќе се остваруваат правата, националните и другите, на граѓаните во услови на локална самоуправа.

СТОЈАН АНДОВ;

Пред да му дадам на друг збор да укажам на пратениците дека се наоѓаме во расправа по предлогот на претседателот за измена и донесување на нов устав, предлог што е поткрепен со еден текст кој ги дава основните ориентации, но по поединечните решенија ништо не преаудицира, а предлог кој после ќе биде разработен во конкретни решенија и по нив ние ќе водиме материјална расправа како во работните тела така во уставната комисија и овде во Собранието.Од таму предлагам расправата да тече така да дадеме оценка, подршка или не на тоа дали да се усвои предлогот да се пристапи кон изменување на уставот и донесување на нов устав, а не да одиме во конкретни, поединечни решенија кој се материја на понатамошната постапка.Затоа молам да ја рационализираме расправата и да се држиме за дневниот ред.

Напоменувам дека дел од излагањето на господинот Превала беше во оваа смисла,даде подршка да се донесе оваа одлука, но дел навлезе во материјалната расправа, за што ќе има прилика дополнително да го чини поради што сега нетреба да го зема предвид.

Има збор господин Стојаковски.
.
ТОМИСЛДВ СТ0ЈАН0ВСКИ:

Дами и господа.

Ние вчера на уставната комисија прашањето што го спомена господин Андов го расчистивме и Парламентот треба така да го свати.Денес ние треба да одлучиме дали ќе дадеме поддршка да се покрени иницијатива за донесување односно измена на уставот и донесување нов устав на Република Македонија.

Ова треба да ни биде или основната работа, а не да се впуштаме во материјална расправа,содржината на уставот.Додека не се создадат претпоставки за.' измена на потојниот и донесување на нов устав

ние не можеме да разговараме за содржината на тој нов устав.Меѓутоа,јас ќе кажам од свое име и од име на пратеничката група на ВМРО дека предлогот да се пристапи кон изменување на постојниот устав и за донесување на нов устав на Република Македонија на претседателот на Репуб-ликата господин Киро Глигоров во целост го поддржуваме и сметам дека овој акт ние не треба да го расправаме туку да го одобриме и прифатиме онака како е поднесен.Тоа е прво.

Друго, јавноста да биде информирана поблиско за тоа што настана еден спор во уставната комисија.Со тоа се занимаваа и средствата за информирање, дали постоел еден предлог, два или повеќе за оваа иницијатива.

Кажувам дека групата на пратеници од ВМРО има поднесено таква работа, меѓутоа не треба ова да го двоиме како некој посебен настан.Камо таа среќа да сите овластени за поведување на постапка за измена на уставот, а тоа е претседателот на Републиката,Владата или 30 пратеника да тие сите во исто време најдоа и увидоа дека има потреба за измена на овој устав,навистина постигната е целта за промена на уставот.Вака треба да се свати, а не кој ќе има иницијатива сд овие тројца овластени, туку дали има потреба, а потребата заклучувам слободно дека постои.Ние сме за тоа согласни и на овој Парламент му предлагам да го прифати предлогот на претседателот господин Киро Глигоров.

Понатаму само едно ке кажам. Основна боја која новиот устав како политичка платформа може да има нека биде демократијата.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Потребата за донесување на нов устав на суверена Репуб-лика Македонија е неспорна. Од таа причина го поддржувам предлогот за пристапуваше кон измена на уставот на СРМ - меѓутоа сакам во

една реченица да го искажам својот став, како и ставот на граѓаните кој ги застапувам и нивното очекување дека во дефиницијата за Република Македонија како единствен носител на сувереноста мора да стои само македонскиот народ.Сите други граѓани ќе се најдат во текстот каде што ќе им се гарантираат граѓанските слободи по цивилизација и по сваќање.Неможеме да игнорираме дека и уставот мора да одговара на историските потреби на еден народ.И би било предавство кога во име на некоја цивилизација би ги занемариле македонските интереси и отвориме не мала, туку голема врата на рушење на таквите интереси.

МЕРСИН ПОЛОЖАНИ:

Дами и господа, како и секогаш краток и јасен.

Ново време - нов устав. Нов устав, но модерен устав. А, модерните устави, барем оние што стигнав да ги читам овие неколку недели како правник секогаш индивидуата, граѓанинот го ставаат во прв ред, а не колективитето.Според тоа, уставот на Македонија ќе биде најмодерен, најсовремен ако тој биде устав на сите нејзини граѓани. Ако одиме кон второто, што во случајот е првото, значи во уставот да се истакнува колективитетот а не индивидуалното тогаш треба да се истакнат сите колективитети , национални колективитети кои во неа живеат.

СТОЈАН АНДОВ:

Уште  една сакам да укажам .Дозволете ми, заради текот на расправата по поедини прашања не само што ќе се даде темелна можност на секој пратеник во постапката за донесување на уставот да се искаже туку ќе бидат организирани и посебни научни собири. Некои од тие прашања ке бидат и научно осветлени дополнително. Затоа
предлагам сега да не се поставуваат некои дополнителни барања од текстот на предлогот кој е доволно широк и обезбедува демократска

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе почитувани пратеници. Сакам да го изнесам ставот на пратеничката група на Сојузот на реформските сили на Македонија и Младата демократска прогресивна странка која го поддржува предлогот да се пристапи кон измена на уставот на СРМ со донесување на нов устав.

Оваа иницијатива ја поддржуваме од повеќе аспекти пред се заради тоа што во нашето општество настанаа такви крупни политички и економски и социјални промени кои бараат на еден нов современ уставно правен начин да се регулира таа материја.Ние вршевме измени, амандмани итн. И сето тоа сега на одреден начин ствара дополнителна тешкотија за следењето на коегзистентноста на еден политичко правен систем што сакаме да го вградиме. Во таа смисла неопходно е донесување на еден коегзистентен правен документ кој сите наши заложби ќе ги содржи во една опција.

Втрото,настанаа крупни промени во однос на досегашниот федеративен начин на уредување на Југославија и на односите пред се на рамноправкоста помеѓу народите и републиките во Југослазија. И тука и потребата изразена во декларацијата за сувереност на Македонската држава што по достапно таа сувереност да се изрази и во највисокиот правен акт на Македонија.

Друго неопходно е како што истакна и самиот претседател во своето излагање да се зацврстат оние историски и национални стремежи на македонскиот народ и на сите граѓани кои живеат во Македонија за развој на демократијата и приближување кон европските цивилизациски токови на развојот.Од тие причини мислам дека е неопходно да ја поддржиме оваа иницијатива како Парламент, и во таа смисла мислам дека треба да се постави на гласање.

ТОРТЕВСКИ:

Почитувани дами и господо.

Ова е прв пат од оваа говорница за збор да се јавува претставник на Лигата за демократија,а од причина што ние сметавме дека таа е резервирана за оние што го добија тоа право на изборите. Меѓутоа,денес се јавувам за збор поради тоа што донесувањето на нов устав се како не е работа само на партиите што имаат свои претставници во Парламентот, туку тоа е проблем и прашање во чие што решавање и во чие што донесување мора да се вклучат сите граѓани на Македонија.

Само еден таков устав за кој што ке стојат најголем дел од граѓаните од Македонија може да биде,навистина устав на една модерна парламентарна македонска држава. Ако донесувањето на новиот устав се свати само како прашање на овој парламент и на партиите застапени во него тоа ќе значи ако во иднина, во наредните избори се промени составот на Парламентот дека ке треба да се донесува нов устав. Меѓутоа, интересот на Македонската држава секако не е тоа.Поради тоа лигата за демократија се нуди на овој Парламент да биде вклучена во постапката за донесување на новиот устав, бидејќи сметаме дека имаме и луѓе и стручни знаења кои ќе придонесат да се донесе навистина еден квалитетен устав.

Овој Парламент донесе декларација за сувереност на Македонија ќе донесе и нов устав. Можеби тој устав ќе биде и најмодерен, иако наша определба не е да се трудиме да бидеме секогаш модерни,бидејќи од тенденциите Македонија и Југославија да имаат секогаш модерни
решенија мислам дека западнавме во овој ќорсокак . Можеби токму би требало да се тргне од нешто, да се донесе еден устав сличен на американскиот устав кој 200 години нема да има потреба да се менува.Инаку, ако секогаш се трудиме секогаш да бидеме модерни ми се чини

Значи, донесовме декалрација за сувереност, ќе донесеме и нов устав, меѓутоа ако Македонија не ги реши, и Владата на Македонија и овој Парламент не ги реши системските причини поради кои што Македонија запаѓа во оваа економска беда на нашите граѓани нема да им значи ништо ни декларацијата за сувереност, нема да им значи ниту уставот.И граѓаните на Бугарија кои што сите денеска можете да ги видите на Зеленото пазарче се граѓани на една независна и суверена држава, меѓутоа се граѓани кои што го фрлаат пред нашите нозе сопственото достоинство. На тоа се принудени поради сопствената беда. Ако продолжи овој тренд на економско пропаѓање на Македонија се се плаши дека и нашите луѓе ќе се доведат во таква ситуација, а без поединечно достоинство на секој граѓанин на Македонија и економска независност нема да ни вреди ништо ниту декларација за независност ниту устав.Мислам дека многу повеке би требало да се свртите кон решавање на навистина, егзистенционалните прашања на македонскиот човек и на сите граѓани на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Оваа моја забелешка се однесува и на гостите како да се држиме за темата.

Има збор господин Ивановски.

ИВАНОВСКИ:

Дами и господа чест ми е да можам да ви се обратам Странката на југословените се вклучи во материјална расправа така да несакам ништо конкретно да изнесувам во оваа прилика, освен дека ќе настојуваме од новиот устав да не биде исклучена опција Југославија,затоа што сметам дека и понатаму тоа е најоптимална варијанта за Ма-кедонија.

Кога ние ја поддржавме декларацијата за суверена Република Македонија тргнавме од убедување дека на Републиката и треба документ за да може порамноправно да преговара во разрешувањето на југословенската криза. Сегашните состојби се познати, преговорите се влезени во ќорсокак, макар што веруваме дека ќе се најде решение за југословенската криза.

Во меѓувреме Македонија преку декларацијата за суверена Република стаса до суверена држава.Недостасува уште овој устав, макар што на сите им е познато дека сувереноста е недделива.Прогласувањето на суверени држави во единствена суверена Југославија продолжува.Кон што тоа води не е тешко да се претпостави. Сепак мора да постават едно прашање врзано за целиот овој политички амбиент, едно од прашањата кои се исклучително важни и на кои треба да се одговори.Дали и во кој период од донесувањето на новиот устав граѓаните ќе имаат мир работа и леб?

ФАИК АБДИ:

Почитувано претседателство почитувани дами и господо, драги гости, почитуван господин претседателе.

Денешната седница на Македонскиот парламент и нејзината прва точка-Предлог на нашиот претседател на Републиката господин Киро Глигоров да се пристапи кон измена на уставот на СРМ со донесување на нов устав на Република Македонија претставува историски момент кога веќе ги обединуваме сите сили и мисли и дефакто и дејуре да создадеме и создаваме устав на Република Македонија, модерна суверена,демократска и правна држава која ќе биде заснована врз суверенитетот на македонскиот народ и граѓаните во Македонија,каде ќе владее правото, социјалната правда и рамноправни услови за позабрз развој и прогрес и на секој поединец,а и на заедницата воопшто , ....... борба и стремеж на македонскиот народ, народностите.

етничките групи кои живеат во Република Македонија. Тргнувајќи токму од ова што е дадено во писмото на господин Киро Глигоров мојата партија,партијата на целосна еманципација на ромите од Македонија дава полна поддршка на иницијативата,бидејќи уште пред да почне да работи ова собрание некаде септември минатата година на разговорот со сите политички партии тогашното претседателство на СРМ и Извршниот совет два дена се договаравме за одредени уставни амандмани како ќе тече нашиот понатамошен живот во новодадените услови по изборите.Тогаш рековме дека веднаш по конституирањето на Собранието една од првите задачи ќе ми биде донесување на нов устав. Еве,дојде време и тоа да се стори.

Бидејќи е договорено да не се води материјална дебата по предлогот јас ќе завршам со зборовите дека новиот устав мора да обезбедни неколку работи односно она што се дава како предлог и во него може да се види и да се направи деградација за одредени устави што ги имамвме досега кои внесуваат и национални и класни елементи , да речеме до вчерашниот устав, па одиме кон едно граѓанско општество. Веројатно, еден ден како граѓанско општество ќе биде се во ред нема да има и икс полемики околу едно илк друго, но оправдувам и мислам дека Македонија мора да се потенцира како нација и Македонија како национална држава на македонскиот народ,затоа што имаме и на други места македонци кои што не се во Македонија. Веројатно овој елементи, националниот внесен сега со избегнување на класниот елемент односно додавањето на граѓанскиот елемент на граѓаните одиме голем чекор напред а времето ке каже кога и како ке го избегнеме и националното.Се разбира само потенцирам дека господата од Федерацијата,претседателството знаат дека ромите во светот покренаа големи иницијативи околу нивниот статус и веројатно во понатамошната наша расправа ке се сретнеме со

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Поповски.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани народни пратеници.

Настанатите во Југославија што веќе подолг временски период се во постојана ескалација предизвикуваат крајна загриженост кај сите народи и граѓани, а во последно време и на мегународната јавност, доведувајќи го во прашање и уставно-правниот поредок, функционирањето на економскиот систем,крајното заострaување на меѓунационалните односи и вооружени судири и доколку не се надминат по демократски пат кријат сериозна опасност од распаѓање на политичкиот, економскиот и правниот систем на Југославија,со тешки последици за сите народи,народности и граѓани на Југославија.

Во овие услови постојано се зголемува политичката недоверба кај граѓаните,правната несигурност, економскиот хаос и меѓунационалните конфронтации.За сето ова не може да има оправдување ниту да се бара оправдување во започнатите реформски промени,ниту во започнатите процеси на редефинирање на југоловенската заедница и на републичката државност и сувереност.Напротив, промените можат да се одвиваат многу побрзо доколку се прифати нивното остварување по уставен и демократски пат.Во услови кога тоа не е очигледно можно и објективно не се остварува,објективно се наметнува потребата народите и граѓаните и нивните републики, во името на својата суве-реност, непосредно да ја изразат својата политичка волја и интерес и на мирен и на демократски начин да се дојде до разрешување на југословенската криза.Услов за тоа, секако, е прифаќањето на реалноста и демократската алтернатива, со исклучива употреба на било каква сила како во задржувањето на сегашните, а уште помалку

во наметнувањето на решенија што не се резултат на принципите на договарање, рамноправност и сувереност на народите и интересите на републиките.

Во овие услови, македонскиот народ, заедно со сите граѓани на Македонија, повторно е исправен пред нов историски предизвик да одлучува по демократски пат за сопствената судбина, за своето и заедничко битисување во Југославија, на Балканот и во Европа.Во оваа функција наспроти некои искривоколчени оценки во јавноста, овој Парламент ја усвои Декларацијата за сувереноста на Социјалистичка Република Македонија, а во оваа функција и даваме целосна подршка на Предлогот да се пристапи кон измена на постојниот Устав и донесување на нов устав. Затоа што мислам дека и во оваа прилика треба да се каже и на сите треба да им биде јасно дека државноста и сувереноста на Македонија, како борба, процес и стремеж, од Илинден до АСНОМ и денеска суштествува во еден континуитет на овој простор и растеж и не може никој историски, политички и уставно-правно да ја оспорува.

Затоа, денеска, по мое мислење, може да стане збор, кога се говори за сувереноста на Македонија, само за еден сегмент од сувереноста што е заеднички договорен да се врши преку Федерацијата, согласно на постојниот Устав. Односно, никој не може да ја оспорува позицијата на македонскиот народ, како субјект на правото за самооп-ределување и позицијата на Републиката во остварувањето на своите суверени права и врз таа основа, врз принципите на доброволност и рамноправност, без било чија мајоризација во договарањето, да учествува во започнатите процеси на редефинирање на југословенската едница и на републичката државност и сувереност. Рамноправно,

како суверена држава да учествува во градењето на новото заедништво во Југославија, во интеграционите процеси на Балканот и во Европа.

Поаѓајќи од овие определби што се израз не само на постојната уставна позиција на Републиката и на народите во Југославија туку длабоко втемелени во вековните стремежи на македонскиот народ за сопствена државност, давам целосна подршка на Предлогот на претседателот на Републиката на господин Киро Глигоров да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија со донесување на нов устав на Република Македонија од името на Пратеничката група и Социјалистичката партија на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, гости,

И досегашните расправи во Македонскиот парламент покажаа дека Македонија е на прагот навистина да го ангажира целокупниот свој стручен, политички потенцијал, различните мислења на партиите, погледи по одделни прашања, стратешки, се само бсгатство на еден народ, нација, на граѓани кои живеат на еден простор и едноставно, убеден сум дека ќе бидеме во состојба да направиме устав кој ќе биде по мерката на граѓаните што ќе живеат во Македонија и што живеат.

Според тоа, и во оваа прилика не би требало, јас се согласувам со оние што така размислуваат, да разговараме многу за содржината и разните аспекти што треба да ги третира уставот и прашања, туку да се задржиме само на иницијативата на претседателот односно Предлогот за донесување на нов устав.

Факт е дека Македонија денеска нема јасен, концизен, конзистентен устав, туку, би рекол, има остаток од Устав со многу амандмани што често пати создаваат тешкотии во практичната примена на Уставот и уставните амандмани.Станува збор за потребата која што е јасно изразена во Предлогот на претседателот, во експозето уште понагласено, за изготвување на нов устав на суверена македонска држава што ќе ги изразува стремежите,би рекол историски и долгогодишни, на сите луѓе, македонскиот народ и другите граѓани и народ-ности, национални малцинства што живеат во овие простори и го изра-зува,пред се,тој континуитет, би рекол, државен, уставно-правен континуитет во развојот на македонската држава. Тука гледам и целосно задоволување на стремежите на сите луѓе кои живеат на овие простори.

Изразувајќи целосна поддршка во името на пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз на Македонија,дека оваа иницијатива.Предлогот на претседателот,со експозето, отвораат простори демократијата во Македонија да се изградува како целосен политички и општествен систем.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јавк господин Мурати.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани гости и пратеници.

Се наоѓаме пред еден свечен чин,донесување на одлука за пристапување кон измена и донесување на нов устав.Свесни сме за фактот и потребата од донесување на таков највисок документ, правен секако и политички за кој што сметам дека поцелосно, посутивнсти ќе ги редува сите односи што до сега, на некој начин имаше пропусти итн.

Затоа, уште на почетокот ја поддржувам Иницијативата и предлагам да пристапиме одговорно и критички кон донесувањето на тој највисок документ.

Новиот устав беше објект на опсесија на сите нас кои сме тука и на пошироката јавност од поодамна. Во него проектираме национални права, индивидуални и колективни што се фундираат на правдина за сите, разрешување на присутните недостатоци и пропусти што досега ги имаше во Уставот или што со донесувањетона новите амандмани на некој начин уште подрастично се изразија. Само на тој начин ќе обезбедиме новиот устав да се реализира и материјализира за сите граѓани.И сите  се надеваме дека тој устав, како највисок правен акт ќе биде еднаков за сите, ќе создава услови за заедништво, за рамноправност за сестран развој и општ просперитет на Републикава. Нормално е уставот да биде за луѓето за човештвото.Во тоа се состои целата филозофија на живеењето и на правната култура.

Во оваа иницијална состојба во која ги проектираме идните односи, сакаме новиот Устав да биде и де јуре и де факто мајка на сите. Тој да претпоставува еден нов човек, демократски човек кој ја сака демократијата и сака така да се однесува, да живее и да работи. Новиот устав сакаме да биде навистина нов, да биде генератор на хуманоста, на доброто, на служителството.

Затоа се залагам да нема "грешка" во конструкцијата на правните норми и решенија. Да не ја згрешиме формулата на заедничката татковина која може само да не одалечува и унесреќува.Затоа, во новите услови, Уставот треба да биде ослободен од еднострaности, да биде израз и одраз на волјата на сите граѓани во Републикава.Во новиот устав да се проектира меѓусебното разбирање, желбата да се живее рамноправно, во национално мешана република со меѓусебно почитување.

Креаторите на Уставот мора да го имаат предвид новото време и човекот односно граѓанинот што ќе одговара на тоа ново време.А, тоа е нема сомневање, националниот човек,граѓанин на државата.Па,сходно на тоа граѓанинот навистина треба да се дефинира како носител на суверенoста.Националниот човек не се губи во државава каде се рамноправни сите граѓани,каде тие живеат и заеднички проектираат и создаваат колективна егзистенција.Значи,во уставот да се преслика објективната реалност на Републиката со сите нацио-нални колективитети.

Новиот устав да се моделира така, тој да биде прифатлив за сите, ослободен од идеолошки догми, при што треба да води сметка за цивилизациските придобивки, да биде модерен и израз на националниот колорит, да антиципира современ развој на државата, да се фундира врз научна основа и да биде прецизен и јасен.

Да заклучам, Иницијативата за донесување на нов устав ја сфаќам како демократски дијалог за документ со кој ќе се обезбедува единство на различностите врз новите принципи на цивилизацијата и демократските норми што сакаме да ги воспоставиме во ова и во идното време.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Арсов.

ДРАГИ АРСОВ:

Почитуван претседателе,почитувани дами и господа пратеници,

Поаѓајќи од фактот дека досегашниот Устав на СРМ во многу свои одредби содржи правни ограничувања за натамошниот развој на СОВЈ современите облици на политичкиот, стопанскиот и демократскиот

живот во Македонија во овој момент Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се придружува кон оценките дека има потреба да се пристапи кон донесување на нов устав на Социјалистичка Република Македонија и во таа смисла го поддржуваме Предлогот.

Иако времето во кое ќе се гради нашиот нов устав е време на големи демократски преобразби,сепак не треба да ја негираме стварноста која е бременита со големи тешкотии, со наследенислабости и проблеми. Токму таквото време со кое сме соочени го сметаме за неодложно во поттикнувачка и творечка смисла и како такво го цениме како најдобро време во кое настануваат така наречените историски устави.Тоа не обврзува, а и пошироките интереси да очекуваме нов устав,устав кој нема да биде пишуван според моментите политички потреби,туку според волјата на народот и интересите на пошироката јавност во Македонија.

Позната е синтагмата "демократските устави ги пишува народот".Тоа значи во вакви услови, кога во овој парламентарен дом, како највисоко законодавно и уставотворно тело каде се наоѓаат непосредно-избраните претставници од народот оправдано можеме да апелираме при изработката на уставот да се вклучат непосредните народни претставници и на тој начин максимално да дојде до израз волјата на народот и на пошироката јавност.

Во таа насока потребно е да се користи целокупното колективно и поединечно искуство со кое што Македонија располага како и со сето историско паметење наследство и мудрост што се создавала на оваа македонска почва.

Нашата цел не е поинаква од општите интереси на македонскиот народ - демократски устав.Демократски, во вистинска

смисла на зборот, по начинот на неговото настанување, по изгласувањето, па според тоа и според неговата содржина. Свесни сме за големата обврска околу изработката на текстот на уставот Се надеваме дека таа обврска успешно ќе биде завршена со непосредно учество на македонскиот народ,со граѓаните и државјаните на Македонија,со учество на сите расположливи и научни и стручни сили кои можат да го дадат својот несебичен придонес.

Се надевам дека ќе имаме устав според кој во ова преломно и тешко време ќе биде запамтено како големо дело.Нека тоа големо дело биде новиот Устав.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Го поддржувам Предлогот на претседателот на Република Македонија за донесување на нов устав на Републиката бидејќи е реален основ за донесување на таков устав.

Материјална расправа ниту ќе водам, ниту ќе реплицирам на одделни излагања, иако за тоа имам основа и јас а и сите присутни,бидејќи тоа ќе претставува повторување на веќе досега бројните наши излагања и политички определби на секој субјект, при што е нормално да има разлики и несогласувања.

Исто така,го поддржувам Мислењето на Владата по однос на Уставот што верувам ќе даде голема помош во стручноста, за изготвување на Нацртот на текстот на уставот.

Го поднесувам следниов предлог и барам да се стави на гласање бидејќи повеќе расправа не е ни потребна.

"Се задолжува Уставната комисија, во рок од 3 месеци да достави до Собранието на СРМ преднацрт текст на Уставот на Република

Македонија, по кој Собранието ќе расправа на првата седница по истекот на овој рок.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Алиу.

ЕШРЕФ АЛИУ;

Дами и господа,

Парламентарната група на ПДП и пратениците од коалицијата со НДП даваат целосна поддршка на иницијативата на претседателот на Републиката, почитуваниот господин Киро Глигоров да се пристапи кон подготовките за донесување на нов устав.

<u>РИСТО ИВАНОВ</u>:

Почитуван претседателе на Републиката, почитуван претседателе и почитувани пратеници, дозволете ми на почетокот да се извинам што како гостин сигурно накратко ќе го злоупотребувам вашето внимание и трпение.Како претседател на Младата демократско прогресивна странка и потпретседател на Сојузот на Реформските сили на Македонија би сакал во ова обраќање да дадам целосна поддршка на Предлогот за истапување кон промена на Уставот на Социјалитичка Република Македонија и притоа да се осврнам на неколку прашања што сметам дека од аспект на нашата политичка партија би требало да бидат земени во предвид при оформувањето на новиот Устав на Република Македонија.

Прво,би си дозволил да констатирам дека чинот на промена на Уставот на Република Македонија значи само еден континуитет во започнатиот процес на трансформирање на Македонската државност.Овој Парламент се изјасни во однос на трансформација на новата политичка заедница Држава Македонија во однос на сите наши надворешни пријатели и непријатели со донесување на Декларацијата за сувереност на Македонија.Скоро сите политички партии во Македонија се изјасниja дека ја прифаќаат декларацијата на Обединетите нации за човекови права и слободи со што веќе се декларираат како мислат дека треба да се гради новата политичка заедница Држава Македонија.И сега со овој чин на промена,односно со донесување на нов Устав на Република Македонија ќе се обезбеди втората брана на политичката моќ,односно операционализација на сите овие декларативни заложби за создавање,односно трасформирање на државноста на Македонија.

Притоа, сметам дека во новиот Устав би требало посебно да се обрне внимание на кој начин би требало да се изврши целокупната трансформација на Македонската државност во правец на заложбите што беа дадени во излагањето на претседателот на Републиката и истовремено да се дефинираат рамките низ кои ќе може да се промовираат и да заживеат новите вредности на Македонското општество.Според тоа,сметам дека во прв план при донесување на Уставот треба да се знае дека тоа треба да биде одраз на реалните односи во нашата држава и истовремено да овознможуваат заживување на новите вредности кои ги пропаѓираат скоро сите политички партии,како што се граѓанинот,пазарот,еднаквоста, институциите на држав-ност во Република Македонија и слично.Затоа сметам дека со донесување на новиот Устав не би требало да се прифати теоријата,или филозофијата на конечни решенија,туку во лрв ред да се обезбеди рамка за како низ секоја една демократска процедура може да се изрази волјата на граѓаните во држава Македонија, односно на кој начин ќе може да дојде до израз сечија иницијатива,како на поединечен,така и на колективен план.

На крајот би сакал само да укажам на уште еден елемент од барањето на МДС,а тоа е во процедурата на донесување на новиот устав на Република Македонија секогаш да се тргнува од тоа дека Уставот ќе биде акт на политички договорот,односно политичка волја на граѓаните на Репбулика Македонија,а не акт на политичка борба во Република Македонија.Се надевам дека ќе успееме преку новиот Устав да обезбедиме нови односи помеѓу граѓаните во Република Македонија.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Почитуван претседателе,почитувани дами и господо, честити гости, овде на оваа седница, навистина овој ден јас сум пресреќен што можам да учествувам во една ваква постапка на донесување на новиот Устав на Република Македонија.Веднаш да кажам дека од се срце го прифаќам предлогот на претседателот Киро Глигоров за донесување на нов Устав.И само кратко би додал дека донесувањето на новиот Устав на нашата суверена држава Македонија е света работа и свет чин за што тој според мене ќе биде таков државен акт кој ќе значи само потврда на достирелот и степенот на зрелоста на нацијата во консталацијата на општо човечките, општоцивилизаторскикте и демократските процеси во Европа и во Светот.

КРСТЕ ЈАНКОВСКИ

Ја користам можноста од името на Работничката партија да го поздравам предлогот на господинот Киро Глигоров за промена на Уставот на Република Македонија.Во таа смисла би кажал само неколку добронамерни препораки што незначат никакво наметнување на некакви партиски ставови.Она што значи преамбула на Уставот, она што значи прв негов пасус, прв негов член, не спорно е дека ќе се бијат копјата и тука се сите несогласици.Ние мораме да го признаеме и да го прифатиме тоа.Меѓутоа, Македонија ќе направи Устав ако направи Устав за на земја, а не за на небо кој што ќе биде само напечатена хартија.Според тоа, сосема уважувајќи го тоа дека светот ни е татковина од цивилизациски поглед,мораме да го сфатиме дека е сеуште свет на држави.Ако сакаме Македонија да биде држава тоа треба да биде јасно кажано и во новиот Устав.На тој план предлагаме државнотворно да стои дека Македонија е

матична и единствена држава на Македонците од проста причина да не се направат уште пет, шест Македонци покрај постојните три за кои расправаме.

Второ,државно правно Македонија е заедничка татковина на сите граѓани што живеат во неа еднакви пред Уставот и законите.На тој начин сметаме дека ќе направиме една правда и кон Македонија како држава и уште поголема правда кон нејзините граѓани кои нико-гаш не смеат да се чувствуваат среќни ако нивните соседи се несреќни.Значи, државно правно, држава на еднакви граѓани пред Уставот и законите.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Дами и господа, Предлогот за да се пристапи кон измена на Уставот на Република Македонија, односно иницијативата за донесување на нов Устав пред се произлегува од радикалната трансформација на општествено економските и политичките односи во Републиката.Веднаш на почетокот чувствувам за потребно да истакнам дека ја поддржувам иницијативата,односно предлогот за да се пристапи кон измена на Уставот.Со оглед на тоа што се работи за многу значаен документ од кој ќе зависи идното општествено економско и политичко уредување на Републиката потребно е со доста претпазливост да му пристапиме на ова прашање,без да се потцени и првата фаза,однсоно фазата на предлогот каде се набележани основните рамки,односно контури кои се предлагаат да бидат во новиот Устав.Според мене многу важно уште во оваа фаза е како ќе пријдеме на подготовките за спроведување на јавната расправа така и подготвувањето на јавното мислење кај граѓаните во Републиката.

На крајот го почитувам укажувањето на претседателот со едно дополнување,бидејќи истакна дека нема да расправаме по одделни точки бидејќи во наредниот период тоа ќе го сториме,во другата фаза, меѓутоа сметам за потребно и според мене формулацијата за суверeноста на Републиката не е одраз на волјата на сите граѓани кои живеат во Републиката.

ВЛАДИМИР СТЕФАНОВСКИ:

Во името на македонската Народна партија би сакал да ги поздравам пратниците и гостите на овој Парламент,а воедно да го истакнам нашиот став дека сме за итни промени на Уставот.Постоечкиот Устав на Македонија, а и на Југославија беше еден експе-риментален Устав чиј идеолог беше Кардељ,социјал утописта,со тој устав се направија илјадници неправди,се направија илјадници експерименти кои доведоа до сите овие денешни ситуации.Значи пот-ребата од донесување на нов Устав е итна.Од друга страна би сакал да кажам неколку збора во однос на суверенитетот кој ќе биде сигурно понатаму една од основните точки за разгледување.Лично како човек се залагам за тоа сите држави на светот да бидат граѓански држави,но додека Бугарија е држава на бугарскиот народ и останатите граѓани, национални малцинства, Грција на грчкиот народ,Франција на францускиот народ,Албанија на албанскиот народ и останатите малцинства,Србија на српскиот народ и останатите малцинства,дотогаш сметам дека и Македонија треба да биде држава на Македонскиот народ и останатите граѓани и национални малцинства кои живеат во Македонија.Значи, сите други имаат стопан, единствено Македонија да нема стоипан, да не се знае кој е газда.Кога во Србија покрај српскиот народ,а знаете дека живеат илјад-

ници други Македонци и во Војводина и во Белград,ќе стане држава на Српскиот и Македонскиот народ,а Албанија држава на македонскиот и албанскиот народ. Тогаш потполно се исто ќе биде дали ова е држава на Македонскиот,албанскиот народ бидејќи границите ќе ги нема.Затоа јас апелирам до оваа група на пратеници од ЛДП која беше во Албанија да покрене иницијатива таму Албанија да стане држава на албанскиот и македонскиот народ.Кога Албанија ќе стане држава на албанскиот и македонскито народ,тогаш јас сум за тоа и овој Устав на Македонија да се промени и да стане Држава на Македонскиот и Албанскиот народ во Македонија.Дотогаш ние да не избрзуваме и да не бидеме како што беше досега премногу напред од другите и да одиме во правец на распродажба на оваа наша татковина која ја имаме и која веќе е поделена на три дела.

ГАЛЕВ:

Господин претседателе,господа пратеници, јас го почитувам она што го рече претседателот во почетокот и покрај тоа што има друго мислење,меѓутоа ако така сме се договориле и практично така се договоривме во почетокот,ќе го почитувам да не се впуштаме во содржини од причина што постои време за да се произнесе секој од нас и како поединец и како партии и здруженија што и како мисли за идниот Устав на Македонија.

Првото нешто кое сакам да го кажам е тоа дека ја поздравувам иницијативата покрената од претседателот Киро Глигоров за промена на Уставот и на Република Македонија,а исто така ја поздравувам иницијативата на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ која колку што можев да разберам истовремено, или прет тоа се хокренала. Среќа е ако навистина и другите партии така будно ги гле-

даат работите и сите покренале,бидејќи тоа ќе биде најдобра гаранција дека навистина на Македонија и е потребен нов Устав.Ќе бидам сосема краток,после ова прифаќање за промена на Уставот од страна на нашата партија,за жал од она искажување што го чувме,сватив дека во опцијата дали во новиот Устав суверенитетот треба да му се даде на македонскиот народ и на сите граѓани кои живеат во Македонија,или содржината на Уставот да се обликува во смисла на тоа дека Уставот ќе биде само за сите граѓани на Македонија.Јас имам една работа не толку од партиска природа, повеќе од природа на научен фундамент да направам само две забелешки, а тоа се следните.

Последните држави на Балканот кои што се формираат, трагедијата на балканските држави на сите на еден, или на друг начин на некој повеќе, на некој помалку му се познати се Албанија и Македонија. И не случајно во ова Собрание бидејќи се присутни Македонци како мнозински народ и албанци во кое што  јас на свое време реков дека постои диференцирање, меѓутоа,засега за ова прашање ќе се огрничам е голема придобивка на балканскиот народ и прв чекор кон водење на мир и со жителство на сите оние луѓе  кој каде се нашол да живее. И во оваа мсисла на зборот не му спорам на никого кој, каде живее и како треба да се однесува.До пратениците од албанската пратеничката група јас го имам сленото да го кажам.За разлика од албанскито народ, за разлика од држава Албанија,ниту еден, ниту од соседите, ниту од Еворпа, ниту пошироко од планетата не го спори постоењето на албанскиот народ.Тој има традиција од 1912 година како е формиран, така е, меѓутоа, есреќата се зах,. над Македонија И покрај тоа што по договорот

од 1912 година на 29 февруари беше речено да се формира во автономна област Македонија, о автономна држава,за жал апетитите на соседите тоа не го дозволија и наместо да зацврсти државно правното ткиво на македонскиот народ, му се нафрли еден многу лош епитет да во Македонија живее аморфна маса,која аморфна маса во наводници според мене пролеала реки од крв за да дојде до она до што сега дојде.Ве молам господа од Албанската партија ова не дели и ваму треба не само албанците и сите други што живеат да го прифатат ова,да го збришат овагнатурено нешто од страна на оние кои што ја делеа Македонија,дека во Македонија живее аморфна маса.На против во Македонија живее најцврста маса,нај-издиференцирана маса, најмали оази во Македонија се наоѓаат кои што го примиле Исламот и тоа е гордост за Макеоднија.Во втората половина на 1XX век по создавање на албанската држава,по забраната на Србија да излезе на Јадранско Море жртва стана Македонија и Македонскиот народ.И овој аморфитет за да се еднаш засекогаш избрише и од совеста на соседите и од совеста на некои подалечни заслужува да го носи суверенитетот на Македонската држава.Ова е државата на Македонците, другите два дела се оспорувани.

(Аплауз)

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

Почитувани пратеници и гости, господин претседател.

Моето искажување ќе биде во рамките на НДП.

Народната демократска партија како плуралистичка форма на здружување и организирање во која се изразуваат и застапуваат колективните и индивидуалните интереси на сите граѓани во Републиката и надвор од неа чиј основен стремеж. Е реализирањето на потполно рамноправност на граѓаните во сите области на општествено-политичкиот и економскиот живот е согласна да се пристапи кон измена на Уставот на СРМ со донесување на нов устав на Република Македонија.

Поаѓајќи од своите програмски определби, а во интерес на сите граѓани, народи и етнички групи што живеат во СРМ, НДП е на становиште дека новиот устав на Република Македонија треба да претставува основа за натамошен развој на рамноправноста на граѓаните, народите и етничките групи, демократијата и побрзиот стабилен, општествен и економски развој на Републиката и за ефикасно функционирање како модерна, правна и социјална држава.

Новиот устав не треба да биде копие на било кој друг поранешен или туѓ устав. Тој треба да биде оригинален и изворен устав кој треба да ги уважува спецификите во Републиката, многунационалниот состав, светлите страници на минатото и треба да биде заснован на позтиивните достигања на современиот демократски развој во светот и на традициите на заедничкиот живот на народите и етничките групи и идниот нивен рамноправен и спокоен живот.

Предлогот на претседателот на СРМ господин Киро Глигоров е добра подлога за пристапување кон измена на Уставот со донесување на нов устав на Република Македонија, но не дава цврста гаранција за рамноправени мирен живот исестран развој на Републиката.

Во предлогот се прави категоризација на народи, се спомнуваат народности, националности, национални малциснтва и етнички групи од кое нешто се добива една нејасна слика кој каде ќе го најде своето место во таа хиерархија и раслојување на граѓаните.Во предлогот се јавува само македонскиот народ како државотворен,уставотворен и суверен со сите права што му припаѓаат на еден народ да во одреден момент и во одредени околности само тој одлучува за судбината на, како што се наведува во предлогот,граѓаните кои во вкупниот број на населението во Републиката учествува со околу 60%.

Во предлогот е даден темелен и јасен опис на заедничката борба,и историското заедништво на македонците со другите, а тие другите упорно не се споменуваат во предлогот за создавање на заедничка татковина,а од друга страна таа заедничка борба и заедништво се присвојуваа еднострано за создавање на национална држава на македонскиот народ.

НДП е свесна дека сите народи во Југославија свој момент на историски и судбоносен, меѓутоа, НДП е свесна на тоа дка овој миг е историски и судбоносен и за албанскиот народ. Албанците во Југославија не смеат и нема да дозволат да бидат расцепкани во три национални суверени славјански држави со статус на национално малциснтво.Албанците во Југославија треба да иамат статус на народ со своја суверена држава во идната југословенска заедница.Албанците во Македонија дражвниот суверенитет треба да го поделат поеднакво со македонскиот народ,другите народи и етнички групи кои живеат во Македонија.

Новиот устав на Република Македонија заснован на свои основи ќе претставува израз и гаранција за сувереноста и целокупноста на Македонија и нејзина потполна рамноправност со другите републики во рамките на југословенската заедница.Новиот сутав треба да биде

прегледен,краток,недвосмислен и пишуван со разбирлив јазик.Со цел да не се остави било каков простор за двосмсилено толкување со што може да стане извор на правна несигурност, дискриминација, национална нерамноправност на граѓаните и други негативности.
Со новиот устав треба да се утврди под точка 1 дека

- Македонија е демократска суверена држава на рамноправни граѓани,народи и етнички групи кои живеат во неа заснована на суверенитетот на граѓаните, народите и етничките групи.

2. Во државните органи определени со уставот и законот треба да се обезбеди сразмерна застапеност на народите и етничките групи кои живеат во Македонија.

3. При одлучувањето...

СТОЈАН АНДОВ:

Твоите укажувања не ги прифаќаат.

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

При одлучувањето за суштествени прашања кои се однесуваат на националната рамноправност во Македонија не смее да се дозволи мајоризација и доминација, туку треба да се одлучи со консенсус.

4. Република Македонија е суверена и самостојна држава во рамките на идната југослвоенска заедница во која со Устав и закон се гарантираат граѓанските и политичките права на граѓаните.

Граѓаните се рамноправни во правата и обврските без разлика на нвината национална, верска, јазична, политичка и друга припадност.

Република Македониаја ги гарантира слободата на изразување на национлната припадност и култура, слободна употреба на својот јазик и писмо, слободна употреба на националните симболи, правото

на приватна сопственост и други граѓански и политички права.

НДП е на мислење дека новиот устав заснован врз горespоменатите основи ќе претставува цврста гаранција за сестран развој и опстојување на Република Македонија како современа,суверена и самосто на демократска држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам да укажам како претседател на Собранието уште еднаш на сите пратеници и други учесници во расправата ги потсетувам оти пред нас имаме предлог за измена на Уставот и донесување нов устав што го достави претседателот на Републиката.Од изалгањето на некои пратеници ние како да добиваме некои паралелни предлози.Затоа укажувам дека имаме еден предлог и во секој момент кога се тендира да се има уште предлози заради многу чувствителната процедура постапка, а веднаш потоа ќе видите колку е чувствителна, можеме да влеземе во голем ризик околу почнувањето на постапката на донесување на нов Устав.Затоа се обраќам на сите овие рамки што ги даде претседателот ги третираме како готови и за сега довршени а доволни да имаме демократска расправа и треба да сватиме дека се работи за првиот чин, првиот чекор во донесувањето на новиот устав,а потоа ќе расправаме понатаму.

Со повторното укажување,со укажување на чувствителноста низ која мораме да минеме на оваа седница,јас се обраќам и на идните говорници и го молам господин Абди бараше збор, а ве молам секој има право да земе збор и Ве молам минимум почитување на ова што го кажувам оти е многу важно за одлуката и јас морам да водам сметка токму за тоа.

ФАИК АБДИ:

Почитувани пратеници, јас во моето излагање се задржав многу кратко само да дадов поддршка на се она што сакаме да го создадеме.

Мислам дека овде одредени партии кои немаат свои претставници како да го злоупотребуваат ова место. Употребата,па макар и на еден збор,да се знае кој е стопан, да се знае кој е газда логички да знае дека е опозит спротивен на стопан е некој слуга и јас ги молам претставниците на другите партии кои се дојдени како гости да бидат многу поиздржајни во своите изгласања и да не придонесуваат да се разгвори нешто друго овде меѓу нас пратеници.Секако оваа материја ќе дојде на расправа сигурно верувајте јас имав доста напишано веројатно ќе ви одземе дваесетина минути меѓутоа,еве си го задржувам правото понатаму кога го добиеме предлогот по телата,на Уставната комисија и другите комисии да седнеме да разговараме и молам немојте вакви дискусии зашто еве моето право да го задржам сега би продолжил никој не е газда и никој не е стопан и не е лошо широкиот аудиториум и овде и она што го следи телевизијата нека знаат ако е право на македонскиот народ односно ако со устав тоа му го дадеме право на стопан на државата јас да се изразм така, може да се каже таксативно да се наброи заради тоа што тоа право му се дава на македонскиот народ другите го немаат тоа право да се каже овие имаат тоа и тоа право,а другите што не се македонци само со тоа што не се македонци ги немаат и овие права, па и народот нека знае за што се работи.Јас мислам дека не станува збор за тоа и да не се злоупотреби тој термин .

НЕВЗАТ ХАЛИЛИ;

Пред се на Собранието му се заблагодарувам што ме покани да учествувам на оваа седница и те како важна, истовремено ги

поздравувам сите присутни пратеници и гости.Јас мислев дека нема да се дискутира толку опширно, беше речено дека нема подробно да се дискутира во врска со уставот, па само некои работи беа кажани и јас нема многу опширно да дискутирам само би кажал нешто.

Ние како политичка партија,Партијата за демократски просперитет ја поддржуваме иницијативата, всушност и ние сме биле заинтересирани во Македонија да биде донесен нов устав затоа што во Македонија официјално започнува една нова етапа,едно ново живеење во Македонија кое задолжително бара санкционирање на тие состојби кои постојат.

Како што реков ја поддржувам инциијативата, но не целосно и формулацијата.Што се донесува до суверeноста на Републиката ние како партија сите сме ја поддржале таа иницијатива да се прогласи суверeноста на Републиката,но во никаков случај никому не сме му дале право да се чувствува како господин а некој поинаку да се чувствува стопан како што рече Фаик Абди.Мислам дека реагирањето на некои пратеници не го оправдувам кога дискутираше Фаик Абди, тоа е мое и нивно право, но не е убаво.

Што се однесува до Македонија,бидејќи реков нема многу да дискутираме и не е местото токму денеска апелирам до сите луѓе кои ќе учествуваат при донесувањето на новиот устав во секој случај албанците и сите други граѓани кои подеднакво придонеле за постоењето на оваа Македонија да бидат спомнати во наредниот устав.Албанците од секогаш и денеска Македонија ја признаваат,ги признаваат македонците за разлика од многу соседи како народи и држави,никогаш не ја негирале Македонија ниту македонскиот народ ниту денес го негираат тоа е факт што постои.

Некои луѓе земаат примери за држави, а не земаат примери од Југославија.Зошто никој не го спомна Уставот на Хрватска,зошто никој не го спомна Уставот на БиХ,зошто се земаат примери кои не не зближуваат, немаат заедничко со нас.Сигурно Уставот нема да го донесе еден човак и ако некој мисли дека Уставот на Македонија треба да го гласа само македонскиот народ без другите, тој устав нема да биде прифатен од другите.Овде изјавувам пратениците на ПДП нема да гласаат за устави во кои нема да имаат подеднакво место сите и рамноправно со сите права и обврски. Мислам дека се бориме,сме за правна држава во која помалку ќе се зборува и правата ќе бидат подеднакви на сите.Јас мислам дека нема птореба од устав во кој ќе има повеќе ставови во еден став да се зборува за една национална припадност,а во другите ставови за друг.Јас сум да постои еден устав кој ќе биде граѓански, ако се спомнуваат националности да се спомнуваат сите.

ВАСИЛ РИСТОВСКИ:

Најнапред ќе ми дозволите да ве поздравам сите присутни од името на Христијанската партија и од мое лично име.

За првпат зборувам овде, меѓутоа, морам да кажам чисто од принципиелни причини,бидејќи секако вашиот состав е израз на волјата на нашиот народ искажана во првите парламентарни избори.Поради тоа сметам дека Вие сте најкомпетентни и најодговорни за судбината која е сега и која ќе биде во иднина. Меѓутоа,сметам дека не значи дека ние останатите партии кои во моментот сме надвор од парламентот сме индиферентни во однос на севкупната проблематика како судбинско и суштинско значење за натамошниот развој. Такво едно основно, глобално и од највисока вредност секако претставува Уставот што беше повод непосредно да земам учество во оваа дискусија.Сметам, дека заднички интерес на сите граѓани не само на оваа држава,туку и на сите држави во светот е општиот интерес за мир,слобода, работа и она најбитното

парите како извор на егзистенција оти без пари,без слобода,без мир нема никаде да стигнеме заради тоа апелирам до сите присутни без разлика од кои партии во нашата македонска држава дури и пошироко да се надминеме себеси со некои оптоварувања кои ќе не доведат во не несакана состојба,туку до можеби уништување не само на Балканот,туку и пошироки. Меѓутоа,сето ова апелирање кон мир, апелирањето кон разум,слобода не значи дека треба некому да му се удвараме,умилуваме да делиме нешто што не е за делење.Нема да воспоставувам паралели кој како дефинирал одредени ситуации, устав, закон, меѓутоа, со оглед дека го слушнав излагањето на господинот Халили, Фаик Абди и други, мислам дека ќе се ставам во ситуација во нивниот дел во еден момент,да не ме разберете погрешно, ако македонската држава на албан-скиот народ,на шиптарското малцинство зависи кој како сака да го нарече,на ромите, на власите, на шпанците, ако се утре тука ако му гарантира граѓански права, ако му гарантира мир,слобода, рамноправност пред Устав и закон зошто се оптоварени со носител на суверeноста.Дали тоа не занчи дека утре ќе побараат тие да бидат во приоритетно место пред македонскиот народ?

Ако им се гарантира се Македонија и до сега гарантирала и повеќе од она што обезбедуваат меѓународни конвенции и другите акти,спрема тоа најумно и најцелисходно _во интерес на сите ќе биде да сватиме едно.Ако држава обезбедува мир,слобода, рамноправност пред Устав,пред Закон воопшто да не не оптоварува зошто дефиницијата ќе биде на Македонија како држава на македонскиот народ затоа што само така може да биде а поинаку не.

Мислам дека бев јасен не би сакал да должам многу не навлегувам и да не го нарушувам апелот или барањето на господинот претседател на Собранието да не зборуваме за материјална природа.

Иницијативата за промена на Уставот не само што Христијанската партија ја поддржува,туку бара истата да се ажурира, бидејќи е неминовна преоѓаме од еден систем трансформираме во друг и прво и основно што треба да се стори тоа е промена на Уставот.

СТОЈАН АНДОВ:

Реплика бара Мухамет Халили, а предлагав на оваа расправа да се воздржиме од реплики.Тоа е основно.

МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:

Дами и господа, жал ми е што од начелото сме тргнале малку затоа, да не дојдеме тука со некое шиптарско малцинство,гарантирани права.Правата сами сме ги избориле заедно со македонскиот народ,никој не може да ги гарантира, а тоа малцинство чувај си го за себе.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам ќе имаме расправа за сите материјални прашања и решенија, затоа немојте со една реплика да ги решаваме.

БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратениц.

Жалам што сум предизвикан накратко сосема да навлезам во материјалната расправа и со тоа да го прекршам договорот и јас како и многу други што го прекршија.За мене е сосема оправдано желбата на секое малцинство да живее во заедничка држава сомалцинствата.Тоа е исконскажелба и никој нема ништо против таква желба.Дали е тоа остварливо насекаде во светот,кај сите народи и кај сите малцинства одделени од мацинствата е сосема друго прашање.

Јас се јавив за збор како реакција на дискусијата на господин Авди Муртезани од НДП.За нас е потполно јасно дека нема алтернатива на дијалогот, нема алтернатива на градењето мостови за разбирање. Многу од тие мостови за разбирање по една или по друга вина се порушени,многу лесно се рушат, многу тешко се градат старите и уште потешко се градат нови мостови на разбирање.Ние сме спремни и мора да бидеме спремни сите прашања да ги разрешуваме по пат на дијалог,мирен, стрплив разговор за секое спорно прашање.Незнам дали добро ќе го парафразирам господин Глигоров дека овој акт треба да биде круна на меѓунационалните,меѓународните,меупартиските договори, а не борба и недоразбирање помеѓу нив.Во таа смисла ние мора да бидеме сите спремни на еден трпелив колку е можно пократкотраен, но сепак мирен дијалог во кој што ќе најдеме разбирање и ќе се договориме околу сите спорни прашања и уставот кој што ќе го донесеме ќе биде таков да секој граѓанин на Македонија го чувствува како свој.Меѓутоа, ние денеска разговараме за иницијатива за донесување на Устав на Република Македонија.Македонија не е Косово. И покрај почитувањето на желбите да секое малцинство што се заедно со малцинствата,ние апсолутно не можеме да прифатиме искажаната

желба во името на НДП дека албанскиот народ сака да живее во засебна федерална или било каква единица во новиот сојуз на суверени држави заради тра што тоа значи цепење на територијата на Македонија факт кој што никогаш не може да се прифати во името на се она што македонскиот народ во тешката негова вековна историја го создал и не задолжил сите нас, неговите наследници.Према тоа, не треба да остане да лебди во воздухот она што го искажа Авди Муртезани во неговото излагање од оваа говорница на Македонскиот парламент којшто расправа по иницијативата за донесување на устав на Република Македонија дека од оваа говорница се заговара да албанците од Македонија и албанците од другите републики од Југославија живеат во иста држава заради тоа што значи рушење на територијалниот интегритет на оваа Македонија за чија што сувереност сме се бореле и сеуште се бориме.

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

Ако моето излагање не беше напишано тогаш сигурно можев да бидам злоупотребен од господинот Ханџиски и од другите. Можеби господинот погрешно ме сфатил, јас за албанците во Македонија не сум рекол ниту за албанците од другите да засноваат друга држава или пак да се спојуваат со трета.

СТОЈАН АНДОВ:

За тоа има стенограм, а и вие ако треба ќе ја приложите дискусијата.

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

Од текстот на дискусијата што ќе го приложам може да се види моето излагање а и господинот Ханџиски ќе може тоа да го види.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Почитувано,претседателство,почитувани пратеници, дами и господа се јавив да кажам само неколку зборови. Прво ја поздравувам иницијативата на господинот претседател,меѓутоа не треба да се залагаме многу и да дојдеме до недоразбирање ако веќе зборуваме за демокрација еве толку време низ нашите партии и состаноци.Ако се залагаме за демокрација и Европа јас мислам дека правилата се јасни на тие модерни устави.Се согласувам да пристапиме кон измени на Уставот на Македонија, меѓутоа да наведам дека во модерните и цивилизираните држави суверeноста му припаѓа на граѓанинот како индивидуа,во современите држави суверeноста е делена на три начина.

Прво, суверeноста,им припаѓа на сите што живеат во таа земја.

Второ,суверeноста му припаѓа на народот, во смисла на зборот "демос".

Трето, суверeноста му припаѓа на граѓанинот како индивидуа.

Македонија би требало да одбере еден од овие модели бидејќи тоа и одговара како повеќе национална држава.Аспирациите македонците да имаат монопол врз суверенитетот воопшто не и одговара на стварноста бидејќи таа е повеќе национална држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Во согласност со став 2 на точка 1 на амандманот 79 на Уставотна СР Македонија,предлагам Собранието на СР Македонија да ја усвои следната одлука за усвојување на Предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, со донесување нов устав на Република Македонија.

Прво, Се усвојува Предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на СР Македонија, со донесување нов устав на Република Македонија.

Второ, оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во "Службен весник на СР Македонија".

Предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на СР Македонија,со донесување на нов устав на Република Македонија е усвоен ако за него гласаат најмалку две третини од сите пратеници.

Пред да го ставам на гласање Предлогот на одлуката,ги молам службите на Собранието да ги повикат сите пратеници кои се во зградата да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Кон сите уште еднаш се обраќам дека ќе имаме можност да расправаме по сите битни прашања во сите фази и да се сложуваме и несложуваме, а нужно е за да се тоа овозможи денес да се сложиме со оваа одлука. Ако денес не се сложиме со одлукава тогаш се разбира сите овие прашања неможеме да ги претресуваме во една постапка на градење на нов Устав.

Оттаму ги молам сите пратеници да дојдат и да ја донесеме одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За предлогот гласаа 97 пратеници. (аплауз)

Дали има некој против. (нема)

Дали некој се воздржува. (никој)

Констатирам дека одлуката за усвојување на Предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на СР Македонија, со донесување на нов устав на Република Македонија е усвоена, бидејќи за неа гласаа две третини од сите пратеници во Собранието.

Усвојувајќи ја Одлуката,Собранието ја изразува определбата дека со новиот устав ќе се потврди и изрази историскиот континуитет на вековната борба на македонскиот народ за создавање на сопствена држава односно Републиката ќе се изрази како современа парламентарна демократска дркжава во која целосно ќе се почитуваат слободите и правата на граѓаните,ќе се постават основите на правото на локална самоуправа, ќе се обезбеди правната заштита на сите видови сопственост и дејствувањето на пазарните законитости и ќе се уредат другите прашања за основите на општествено политичкиот и економскиот систем.

За успешно и ефикасно остварување на задачите кои претстојат околу подготвувањето и донесувањето на новиот устав,неопходно е интензивно и одговорно ангажирање на сите субјекти во Републиката, а посебно на пратениците во Собранието на СРМ.

Во функција на непречено одвивање на активностите околу донесувањето на новиот устав, предлагам Собранието да ги донесе следните заклучоци:

Прво, Собранието на СР Македонија ја задолжува Комисијата за уставни прашања да подготви текст на Нацрт на новиот устав на Република Македонија.

Се задолжува Комисијата за уставни прашања да образува работни групи од редот на пратениците, членовите на Владата на СР Македонија и од редот на истакнати стручни и научни работници

од Републиката за областите на политичкиот систем, економскиот систем, меѓународните односи и слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Второ,Собранието на СР Македонија ја задолжува Комисијата за уставни прашања да утврди роковник во кој ќе се определат објективно реални термини пооделно за сите фази од изготвувањето и донесувањето на новиот устав на Република Македонија.

Трето,овие заклучоци да се достават до Комисијата за уставни прашања.

Паралелен предлог напишан овде имам од пратеникот Тодор Петров,и тој предлог гласи:Се задолжува Уставната комисија во рок од три месеци да достави во Собранието на СРМ преднацрт текст на Уставот на Република Македонија по кој Собранието ќе расправа на првата седница по истекот на овој рок.

Мое мислење е дека предлоготна Уставната комисија е што овде го прочитав е поадекватен на технологијата на донесување на Устав и го молам господин Петров дали може да го повлече овој предлог, оти не е таму само една фаза,роковникот ќе опфати точно кога да се направат тези, кога преднацрт, кога нацрт, кога ќе биде предложен предлогот.

Предлогот е содржан во Предлогот од Комисијата.

Може ли така? (пратениците се согласуваат).

Може.Благодарам.

Кој е за овие заклучоци (пратениците креваат рака)

Сите.Благодарам.

Кој е против.(никој)

Воздржан.(никој)

Констатирам дека заклучоците се усвоени.

Им благодарам на гостите кои што учествуваа во работата по првата точка^ од нашата седвица а ние во работен дух потоа про-должуваме.

(Седницата прекина со работа во 13,10 минути)

(По паузата)

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам да направиме еден подруг редослед.И за моемнт место втората точка да ја разгледаме точката 9.

Предлог на одлука за образување совет за прашања на народната одбрана и за именување членови на Советот.

Во редоследот од дневниот ред нека остане исто како сега, но 9-та точка сега да ја расрпаваме од; причина што за одлучување на оваа точка ми е неопходно присуството на претседателот на Републиката,затоа што е и тој предлагач,а инаку претседателот на Републиката има обврски заради кој мора да ја напушти седницата наскоро.

Дали се согласуваме?(Се согласуваме).

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор?

ЈАКИМОВСКИ.

Најнапред имам еден предлог околу текстот на Предлогот на одлуката.Во насловот на Одлуката,веднаш под називот Одлука  каде што соти:Совет за прашања на Народната одбрана, да се додадат зборовите на Република Македонија.Ова го правам овде бидејќи текстот го добивме на оваа седница,така да немаше време за редовна постапка со амандман и сл.Нека се произнесе Собранието по ова прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Ви обрнувам внимание и на предлагачот дека во преамбулата во уставниот основ каде што се кажува, стои дека овој Устав на Социјалистичка Република Македонија и Собрание на Социјалистичка Република Македонија.Според тоа сето се случува во Македонија, но не можеме да прифатиме да биде сега во Република Македонија, туку ако веќе и тука во насловот го ставаме,треба да биде Социајлистичка Република Македонија,затоа што сеуште е таква Републиката. Инаку сите закони и долуки што ги донесуваме не се содржат дека со закони за тоа и тоа, во Република Македонија.Дали ќе правиме преседант?.Јакимовски тоа го бара Собранието да се изјасни.

Кој е за предлогот на Јакимовски да крене рака? (19 пратеници)

Кој е против предлогот? (56 пратеници)

Кој се воздржува од гласање? (никој)

Дали има уште предлози за текстот? (нема)

Дали уште некој бара збор по Одлуката воопшто?

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господа, личност сметам дека бројноста на предложените лица е голема.Би сакал да појасниме од која причина или по кој редослед на мислите се вклучува во тој совет од републички ранг и еден потпретседател на Собранието на СРМ,ова независно што е тоа овој пак Џеладин Мурати и второ и претседателот на Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана на Собранието на СРМ.Дали е во склоп на Уставот, на амандманот, или е во склоп на Деловникот.

СТ0ЈАН0ВСКИ.ТОМИСЛАВ

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана пред почетокот на оваа сесија сега заседаваше,од причини што составот на Советот за народна одбрана,претседателот и членовите се утврдени со Амандманот 75 каде што исклучиво право е дадено по предлог на претседателот на Републиката да ги предложи членовите на народна одбрана.Комисијата засдаваше во полн состав и ја поддржа оваа Одлука во целосен текст онака како што е презентирано на вас. Делот што се однесува на забелешката на г-дин Бошков во однос на потпретседател на Собранието на СРМ исто така беше дискутирано на Комисијата од причини забелешките кои беа изнесени дека се работи за еден потрпетседател на Комсиијата,потпретседател на Собрание кој е член на Комисиајта,ние тој проблем го апсолвиравме и кажавме дека во координација со предлагачот,со претседателот на Републиката, дека потпретседателот е овде именуван како потпрет-седател, а всушнсот се работи за претставник на партијата кој истовремено има и функција на потпретседател на Собранието.Се работи за претставник на партија која зад себе има голем комтинтент на обврзници,некаде 40% од обврзниците во Социјалситичка Република Македонија и само и тој контенст треба да се гледа Предлогот за потпретседател за Џеладин Мурати, за член во Советот на Народна одбрана.

СТОЈАН АНДОВ;

Го имате извештајот на Комисијата,овде г-дин Стојановски даде додатни објаснуваља, произлегува за амандманот 75 претседателот да ги предлага,се разбира врз процена на кој начин својата функција што му е дадена во областа на одбраната да ја извршува, а Советот да му помага.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, тогаш го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлог на одлукта молам да крене рака? (84 пратеника).

Кој е против? (5 пратеници)

Дали некој се воздржува? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за образвуање совет за прашање на Народната добрана и за именување членови на Советот.

Минуваме на 2-та точка - Нацрт на Деловник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Текстот на Деловникот,Анексот,извештаите за работата на работните тела на Собранието и мислењето на Владата на СРМ ви се доставени,односно поделени.
Отворам претрес. Молам кој бара збор?

СЕЛМАНИ ................:

Дами и господа, пред малку ја усвоивме Иницијативата за измена на Уставот на СРМ. Меѓудругото падна збор дека македонскиот народ од соседите има доста проблеми, што ние лично го оце-нуваме и тоа е точно.Некој бараше од вас да се откажуваме од сувереноста, меѓу другото во Уставот да нема поделба на сувереноста на народите во Македонија.Меѓутоа, на сите нас ние познато дека токму во таа сувереност на народите, ако тоа на стои во Уставот е практично извор на сите права и должности што подоцна ќе течат

Овој случај го имаме уште кога е на снага Уставот и законите и тоа по Уставот на СРМ, почнувајки од член 177 до 181 каде што јасно и недвосмислено стои дека јазиците и писмата по Уставот се рамноправни во Македонија и на ист начин рамноправно се употребуваат во практиката и во јавниот живот. Додека тие постојат ние мислам дека ги кршиме,а замислете кога не би посотело во уставот и законите, што би било за нас. Затоа барам да се врати член 4 како што беше порано каде што писмата и јазиците се рамноправни  а сите народи и народности како што е и досега.Исто така, имам една забелешка која што е во Извештајот на Комисиајта за избори и иемнување, ние се договоривме и дака бевме известени, впрочем и Предлологот беше прифатен, Деловникот за работа се одлага додека се побара мислење од Уставниот суд на Македонија. Тоа не е направено и напротив стои дека беше поддржан предлогот,во Собранието на СРМ со цоенка дека решениајта што се предлагаат можат да послужат како поефикасно работење на Собранието на СРМ. Мислам ова не беше заклучок на Комисиајта, ова вероајтно е заклучок на поединец на Комисијата. Мислам дека во иднина, сигурно ке бидеме на ^ласање во тој смисол од Комисијата, но во иднина не би смеело вака да стои. Ако е заклучок на Комисијата да стои, ако не целата дискусија да влезе во записник, односно во Извештајот на Комисијата,да знаеме кој за што се залага во Собранието. Затоа се залагам во деловникот ,не знам дакиу ке бидат како нацрт или како предлог, тоа ќе кажат другрите од Службата, мислам членот 4 да се преправи, да се врати на старата формулација каде што писмата,јазиците се рамноправни на сите народи.Кога ќе се менува Уставот ќе видиме како ќе постапиме.

ФЕРИК САДИКУ:

Предлогот на Деловникот на Собранието на Македонија ми се чини дека е преуранет акт. Ова го поткрепувам со фактот што веќе е покрената иницијатива за донесување на нов устав на републи-ката,каде доста одредби во овој правилник се тесно поврзани со истиот.Според мене, итноста за донесување на овој правилник е членот 4 од Предлогот каде во во овие поднаводници демократски процеси во Републиката се настојува да се решат основните и најчувствителни прашања на граѓаните кои немаат суверенитет, односно граѓаните од втор ред.Кога со овие прашања началните интереси на македонскиот народ се почитува и постојниот устав,односно свесно се кршат одредбите на член 170, член 180 и 181 каде се регулира рамнорпавноста на јазиците.За кршење на уставните доредби во една демократска држава не треба коментар, поднаводници Демократска, меѓутоа, крајно е време највисоките политички кругови во републиката, ако и во овој парламент еднаш за секогаш да се изјаснат дали се една здрава демократија или за декларативна како што досега била.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Од работата на Комисијата за меѓунационални односи од 20 мај 1991 година,одреден сум како известител, па сакам само накратко да кажам дека кон член 4 имаше два амандмана од ПДП и ЕНДП и од пратеникот Мухамет Алили и на нивно инсистирање беше ставено на гласање, меѓутоа нивните предлози беа одбиени со 7,2, и во едното и во другото гласање за другиот амандман.

ФАЗЛИУ.АГИМ

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници.

Јас очекував дека за оваа проблематика ќе има интерес да се расрпава по подробно и посодржински бидејќи се работи за еден важен документ за успешната работа на Собранието.Јас би истакнал некој начелни забелешки во врска со Деловникот на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Не се донесува денес Деловникот.

ФАЗЛИУ.АГИМ

Да кажам само начелни забелешки.

Нормално јас би апелирал на стручнтие служби и на сите a нас, пред се да го имаат предвид искуството на функционирањето на еднодомното собрание во овие изминати месеци и искуството како е регулирано функцконирањето на парламентите кои имаат искуство подолго и традиција.Конркетно сакам да укажам на тоа дека не се согласувам како е дадено во Нацртот дискусиите на пратениците да бидат ограничени, бидејќи колку ми е познато мене во ниеден деловник на ниеден Парламент не го ограничува ова, а исто така не се согласувам во врска со пратеничкиие прашања и ограниченоста на пратеникот да го констатира одговорот што е даден од страна на Владата или друг орган.Истот така, не е јасно обработен односот Собрание Влада и можноста за отповикување на Владата од страна на Собранието.Не можам да се согласам ни со членот 4 како е даден во нашиот деловник со кој член им се скратуваат правата на пратениците од немакедонска националност да го употребуваат својот мајчин јазик при јавните настапи и дискусии во Собранието, кое право го имаат делегатите со членот 5 од постојниот деловник.

АГИМ ФАЗЛИУ:(продолжение)

Ова право го имаат и пратениците во Парламентот ва Словенија,член 13 од овој Деловник на Собранието на Словенија.Истото право го имаат пратениците во Собранието на Србија,но и во вај новиот деловник кој е усвоен во февруари оваа година, конкретно во членот 182.Правото за употреба ва својот мајчин јазих пратениците го имаат во многу парламенти на Европските земји,како на пример во Финска со шведска националност околу 6 посто од васелението,шведскиот јазик е изедначен,сите документи на Парламентот, Владата и стопанството се на двата јазици. Примерот со Швајцарија каде четирите јазици германскиот, францускиот, италијанскиот и романскиот се прогласени за национални јазици се потполно рамноправни.Во Нов Зеланд маотскиот со околу 10 отсто од населението е рамноправен со англискиот.Исто и во Канада со францускиот јазик. Има и многу други примери.

Сметам дека овој Македонски парламент и Македонија не смеат да паднат под ова ниво на демократско достигнување на употребата на јазиците во Парламентот на овие современи земји,па и кај нас, во другите републиките,а барам во наредната обработка на овој документ да биде земено предвид ова ваше барање.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во однос ва дискусијата на господинот Селмани, инаку редовен член на Комисијата за прашања на изборите и именувањата кои укажа дека не е прифатен амандманот во врска со членот 4 во врска со употребата на македонскиот јазик како службен јазик и кирилицата, точно на страница 2 од Извештајот стои:На комисијата беа присутни амандман се подвесени од Пратеничката група на ПДП на Македонија и НДП како и пратеникот Мухамед Халили, меѓутоа беше

заклучено по нив да се произнесе Комисијата за уставни прашања и Законодавно правната комисија на Собранието на СРМ".Во тој дел.Инаку, беше присутно барање за мислење на Уставниот суд во однос на составот на Комисијата за меѓунационални односи и сметам во тој дел дека е одложено одлучувањето.Меѓутоа,бидејќи сум веќе тука би укажал во однос во овој амандман, многу споредби директно да не се прават со некои странски земји,бидејќи секое право во многу зависи од економската моќ на земјата,односно средината во која се употребува.

-

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитуван претседателе,почитувани пратеници,ќе изнесам само едно свое мислење.Јас немам против да се зборува и на албански јазик од оваа говорница,но говорникот нема да биде разбран.Мислам дека и цел ден да зборувам во моментот нема да биде разбран. За да можат луѓето да зборуваат и да бидат разбрани сигурно треба да зборуваат на својот мајчин јазик, за да не се вадат на тоа дека погрешно се сватени заради погрешна интерпрета-ција или погрешна формулација.Дали ќе ограничиме да речеме на некој од некој европски парламент да зборува на својот јазик, сигурно дека нема да му ограничиме, но дали тоа значи дека ќе треба да ги наброиме сите европски и светски јазици сега во нашиот Деловник, затоа што некому нема да му ограничиме да зборува на својот мајчин јазик.

Затоа, предлагам да не се расправа околу тоа и да остане како што е во Деловникот или во најдобар случај и со најдобра намера да стои или да се додаде и сите Европски и светски јазици, а мислам дека албанскиот јазик е европски јазик,и не знам зошто би се бунеле тука пратеници од таа народност.

Но јас би им препорачал, ако не на другите,барем на пратениците од малцинствата да научат македонски, а во сите останати меѓутоа, со тоа што ве се изразува добро на македонски,тоа беше не знам пред која седница , пратеникот употребуваше некој сурогат на јазик, така што можеше да се свати или тој се чувствуваше како граѓанин од втор ред, меѓутоа, мислам дека тоа не беше ваша вина.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Почитувани дами и господа,јас излегов да реплицирам на двата претходни дискутанти во однос на тоа кои како треба да научи како треба да се однесува.Мислам ако градиме демократија треба да им овозможиме на сите да научат како сакаат.

Второ, би реплицирал на господинот Никола Крстевски за тоа кога ја спомна економската моќ.Се согласувам, меѓутоа, морам да потсетам дека опремата за овој превод е купена пред 20 години и лежи во подрумите на оваа зграда, а ретко се користи кога имаме странски државници.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Дами и господа,на сите ни е јасно дека се работи за Нацрт-документ за кои треба да се согласиме да оди во натамошна:процедура и еден ден на дневен ред да го одобриме.Очигледно на сите ни е јасно без потреба од било какво филозофирање дека се работи за фундаментална работа и начело.Немам намера ниту да реплицирам,ниту да апелирам на било што.На сите како граѓани ни е должност да вложиме напори да ги совладуваме јазиците што подобро бидејќи е тоа пред се наше лично богатство, на околината и на сите заедно.

Мене ме интересира лично како пратеник кои беа основните мотиви на Комисијата што го подготвува Деловникот да го менува токму овој член, за право да постави ограничувачки фактор без никаква потреба во ова Собрание.Да потсетам, мене ми било совршено јасно дека сум имал право да зборувам на јазикот на кој би се определил доброволно, што не значи дека тој би бил албански,барем не мора да значи инаку се очекува да биде така.Сега има потреба тоа да го повторам, го сторив ли тоа некој пат на некоја од овие седници, а со сила, со правото на Законот јас тоа право сум го имал.Многу е симптоматично,многу е битно и од извонредно значење ѕа ова општество денешно, наше современо,на кое и јас му припаѓам, зошто тука заедно со мене,до мене или без мене се прават овие измени. Јас барам одговор по можност на еден од членовите кои го подготвувале овој Нацрт.Инаку, начелно давам поддршка, бидејЈси појдовните цели да имаме посовремен Деловник,појасен, пократок, растоварен од сите непотребни формулации,ми се чини дека е постигнато 80 отсто. Нека се дообјасни оваа работа.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Јас немам намера да дискутирам по Нацртот и немав намера да се јавам,меѓутоа, се постави прашање кое се однесува на мене лично како претседател на таа Комисија и затоа излегов да одговорам на прашањето на господинот Алиу.За жал овој член не е последица од работата на Комисијата,текстот го подготвуваат Стручните служби и Стручните служби оцениле дека во новиот Деловник не треба да стои став 2 од членот 5 на досегашниот Деловник, а поврзано со него и членовите 59,60 и 61 од досегашниот Деловник.

За жал во ова Собрание се случува и тоа,политиката да ја кројат Стручните служби, а не пратениците кои се платени, избрани и повикани за оваа работа. Кои се тие,мислам дека не е тешко да се знае, претпоставувам почнувајќи од секретарот овде, се знае кој работел на тој текст и тоа е тоа.Значи, тоа не е дело на Комисијата која работи на тоа прашање.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Овде станува збор за тоа дали има или нема измена.Амандманот 43 јасно говори дека во Македонија службен јазик е македонскиот и истиот е во јавна употреба, а писмото е кирилица.Според тоа, било кој да бил во таа стручна комисија, дали ние ќе седиме овде како пратеници или не,должни сме да го применуваме овој законски тест.Ако Уставот се измени, поинаку, друг јазик да биде службен јазик и во јавна употреба,тогаш имаме место да расправаме и да полемизираме околу оваа работа.Молам, сега имаме преднацрт, да се догради овој документ кој е должен за работата на ова Собрание,бидејќи досегашниот деловник се појави како пречка во работата од проста причина што постоеја повеќе собори,имаа повеќе надлежности и така беше и одредено.Во овој случај ЗПК имаше ставено амандман од група пратеници на ПДП да се измени и да се догради во членот 4 и ова, да се говори ва албански јазик.Меѓутоа, законската односно уставната регулатива нам ни пречи да дадеме било каква виза на друг јазик освен на македонскиот, затоа што овде е Собрание и во јавна употреба на ова Собрание може да биде само службениот јазик, а тоа е македонскиот.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Се извинувам што пак ќе Ви одземам некоја минута, меѓутоа, ќе морам да го потсетам господинот пред мене.Точно е дека амандманот 43, точка 1 вели дека во СР Македонија во службена јавна употреба е македонскиот јазик и неговото писмо кирилица. Меѓутоа, во точката 2 на истиот амандман се вели: "припадниците на народностите имаат право слободно да го употребуваат својот јазик и писмо. Во Македонија веројатно?

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:(од место)

Дома.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Ако е дома, тогаш да се прецизира, да се знае барем.

Второ, досегашниот Деловник истото го предвидуваше, дека во службена употреба е македонскиот јазик,меѓутоа,припадниците на народностите имаат право да го употребуваат својот јазик што е во потполна согласност со ставот 2 од овој амандман.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувани пратеници, и во Комисијата за меѓунационални односи се обидов многу мирно и трезвено да расправам барем за овој член и овој Нацрт на деловник.Навистина , во последно време веќе почна да ми пречи дури и зборот "амандман" , затоа што со амандмани веќе работите не ни одат со овие амандмани. Кога сакаме отпор на еден јазик, веќе параван ни се амандманите, а што ми е чудно тие амандмани навистина не беа прифатени на времето. Меѓутоа, апелирам да се надминеме некокгаш себеси, вака на окуп потрезвено, затоа што многу е нелогично дури и неприфатливо, секоја иницијатива од Парламентарната група, дури и поединци кои учествуваат во овие

комисии како да се даде еден отпор и веќе набрзина се бара гласање, затоа што се знае бројот на гласањето. Не сахаме некако потрезвено и пологично да размислуваме.

Затоа, мислам дека во делот ва Деловнихот таму некаде се зборува деха ако доаѓаат странски државјани и зборуваат во нашиот Парламент, тие ќе зборуваат нормално на нивниот мајчин јазик или на некој од светските јазици.Толку сме либерални, толку имаме широчина кон тие странски јазици, или странски државјани, а не сме ни либерални ни толерантни кон јазцкит што го ѕборува мојот колега, претеникот што седи до мене или мојот комшија ито седи и живее до мене.Дајте,надминете се малку себе и малку потрезвно гледајте.А ние и јас лично го употребам јазикот мајчин само тогаш кога ќе видам дека има потреба, ако можам да се изразам на македонски јазик или да го изразам тоа што сакам да го изнесам, да ме разбере јавноста,јас навистина сам ќе ценам како ќе зборувам.

ГАЗМЕНД ДЈДАРДГА:

Почитуван претседателе,почитувани пратеници зборувањето на мајчин јазик е граѓанско право и не треба никому да му сме-а. Мислам дека тоа и го чиниме и го правиме,само понекогаш не сме доволно свесни и приговараме.Верувајте дека ова што ние овде, не го бараме само ние самите.Како што и секој пратеник му е должност тука да се јави и да ги изнесе проблемите кои што му се поставуваат од базата и ние тоа "така" го чиниме.Не заради тоа што не го познаваме јазикот, јас патем кажано мене не ми сметало да завршам и средно училиште на македонски јазик и да завршам Факултет на хрватски јазик.Според тоа, не треба така да се свати туку треба како луѓе, како сили кои што се борат и кои што имаат претензии да влезат во Европа.Едно вакво, да кажам поставување на работите мислам дека не води напред,туку само назад и наместо да ги доградуваме тие односи односно односите кои што се ве-ќе во извесна мера влошени, ние уште повеќе ги влошуваме.На никому немојте тоа да му смета.Зошто? Тоа право ни било на нас и до сега.Дали сме го користеле како Албанци да зборуваме.Не.Зошто? Познато е дека не се создадени услови, нема техника и зошто се зборува тука на говорница.Се зборува заради тоа за да се разбереме, а не да не се разбереме. Од таа причина мислам дека нема потреба да бидеме толку тврди во тоа да немаме право да зборуваме на наш јазик.Ако наоѓаме за сходно, мислам дека тоа е наше право и треба да стои во Деловникот како што било и до сега.

Уште нешто да ви кажам, од праксата и од животот наш во Дебар, во однос на говорот. Јас ако на Македонец кој го познава албанскиот јазик му се обратам на македонски

тој ми узвраќа на албански јазик.Спротивно, до колку се случи да зборуваме на македонски јазик тој го чини обратното.Поради тоа за што се разбираме и нема проблеми.Од тој аспект мислам дека не треба да бидеме такви и се што се потекнува од ваму да биде тврдо не. Немојте,зошто.Тоа не води никаде,тоа само не раздвојува.Мислам дека не е целта на никого тука пратениците, па и нас сите други да се раздвојуваме, туку само да живееме заедно, зашто само така има можност да се опстане во оваа наша земја

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Немав намера да се јавувам за збор, само го слушам последниот дискутант и испаѓа дека во Дебар ситуацијата е идилична и си живеат супер и се е океј, а јас кога бев последен пат во Дебар пред дваесетина дена говорев на македонски јазик,бидејќи освен македонски јазик,единствено англиски можам да зборувам и да се разберам.Тројца или четворица луѓе ги прашав каде е Културниот дом и се правеа како да зборувам на шпански или незнам на кој јазик.Можам да ви кажам дека нашите Македонци во Дебар, во Гостивар живеат во страв и се преплашени.Јас тоа најодговорно ви го тврдам Од однесувањето на вашите подружници, на ПДП, па дури отидоа до таму, а мислам и од реформистите ги шиканираат нивните членови.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако може прецизно да зборуваме за Деловникот.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Токму за Деловникот зборувам,ако можеа господата од ПДП десетина да зборуваат за Деловникот, можам и јас исто како нив.

Ќе изнесам само еден податок.Во 1946 година во пописот во Македонија имало 140 илјади Албанци, додека во Албанија имало 120 илјади Македонци.Од прилика приближен бил бројот.Денес знаеме колку има во Албанија,20 илјади или незнам колку се,Македонци, а знаеме колку има Албанци во Македонија.Самиот тој податок доволно говори на чија сметка и на чиј грб одат овие права што оваа досегашна Македонија и Југославија ги давала на господата Албанци. Ако ние живееме во една држава и неможеме да се разбереме на еден единствен јазик,тогаш?не знам: кон што води тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам ако можеме да престанеме со репликите и да одиме на работа, да го утврдиме Нацртот, ве молам.

За збор се јави Веби Џемаили.

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:

Господине претседателе почитувани пратеници, ние точно знаеме дека има некои влошени состојби, но и оваа е точна констатација дека од 1953 до 1961 година под ова небо и од оваа земја се иселени Албанци и Турци во Турска како Муслимани над 72 илјади и 366 *луѓе и* семејства.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, иселени се повеќе и Македонци, немојте сега, затоа одиме по сосема други теми. Дајте да го утврдиме Нацртот на деловникот.

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Нема).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1.Собранието го усвојува Нацртот на деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2.Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ја задолжува Комисијата за деловнички прашаља, да подготви Пред-лог на деловник, при што да ги има лредвид мислењата, предлозите и забелешките содржани во извештаите на работните тела на Собра-нието на Социјалистичка Република Македонија како и мислењата на Владата на Социјалистичка Република Македонија и Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија.

3.Овој Заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и мислењата на Владата на Социјалистичка Република Македонија и на Советот
на Сојузот на синдикатите на Македонија да се достави до Комисијата за деловнички прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Кој е за заклучокот, молам да крене рака? (83 гласа се за).

Дали има некој против? (9 гласа се против).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Не).

Констатирам дека е усвоен предложениот заклучок.

Минуваме на точката 3  Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на водите,со Предлог на закон.

Предлогот за донесува  на законот со Предлогот на закон, извештаите на Комисијата за земјоделско и шумарство и на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Стопанската комора на Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите.

Дали има некој против? (Нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Дали има некој против? (Нема).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Флоре Масалковски.

ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Ја ценам заложбата на Владата за дополнување на правните празнини во примената на Законот за водите со преминување на управните надлежности и другите работи што со постојниот закон се во надлежност на општината да преминат во надлежност на Републиката согласно уставните амандмани, но при тоа не се вршат суштествени измени на текстот на законот.Меѓутоа, имајќи ја предвид актуелноста на проблдите во земјоделството и се она што се случува на теренот и во оваа обалст, неизбежно е од страна на Републиката да се пре-

земе во нејзина надлежност и утврдувањето на висината на водниот надоместок за наводнување и одводнување и да се регулираат и другите прашања во однос на наводнувањето и одводнувањето, бидејќи со постојната законска регулатива се штити монополската положба на организациите кои што стопанисуваат со водостопанските објекти и истиот водниот надоместок не е во функција на развој и зголемвуање на земјоделското производство, заради високиот надо-место на наводнување и одводнување, што дестимулативно делува и дополнително го оптоварува исто така оптовареното земјоделско производство и предизвикува оправдан револт кај индивидуалните земјоделци. Тука ќе го спомнам системот Стрежево во Битола и на сите нас ни е познато дека минатата година беше сушна година, екстремно сушна година и покрај тоа што Стрежево немаше обезбедено вода за наводнување, наводнувањето беше прекинато заклучно со 25 јули минатата година, а денес по присилен пат, по судски пат се врши наплата од индивидуалните земјоделски производители за минатата година, а минатата година немаше вода.Заради тоа, предлагам Собранието да ја задолжи Владата да пристапи кон изготвување на нов закон за водите, кој ќе ја регулира оваа област во согласност со општествено-економските услови кои денес постојат и ќе му го достави на Собранието на усвојување. Во спротивно, ако не се преземат потребните мерки оваа област да се регулира поцелосно, а посебно во однос на одредување на висината на водниот надоместок,земјоделците наместо на нивите ќе ги видиме пред водостопанските организации.

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со новиот закон за води би требало да се најде најсоодветно решение за

статусното решение за статусната поставеност на водостопанските организации, бидејќи истите обавуваат дејност од посебен општетвен интерес,а од посебен општествен интерес што игра многу важна функција во развојот на земјоделството,особено во контексттот на цена на чинењето на водата за наводнување и влијанието врз цената на земјоделските производи. Бидејќи сегашната поставеност во склоп на општинските СИЗ-ови за водостопанство им даваат статус на монополска органиазција,имаат помалку или повеќе монополско однесување, поради што треба да се-предложи најрационална поставеност на овие организации во вршење на нивната основна дејност за снабдување во функција на зголемено и квалитетно земјоделско производство.Односно комплетна трансформација на овие монополски организации со оптимални решенија и ставање во тесна зависност од резултатите на работењето во земјоделството.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Дами и господа, јас само имам една препорака на Владата во однос на донесувањето на идниот закон, со оглед дека овде се работи само за надлежностите, огромен е проблемот на режимот на користењето на водите со "Електростопанство на Македонија".Тоа е евидентен факт, бидјеќи цела сезона за наводнување која што е определена со закон не се користи онака како што и беше предвидено со стариот закон.Затоа, предлагам ова прашање жителите на изборната единица од каде што сум делегиран апелираат до Владата оваа состојба еднаш за секогаш да се регулира со "Електростопанст во на СРМ".

ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:

Дами и господа согласно Законот за водите, поточно утврдената обврска на организациите кои стопанисуваат со водите, согласно член 158, став 2 е утврдено водостопанските организации кои стопанисуваат со таа инфраструктура најдоцна до 30 ноември во тековната година да донесат годишен план за распределба на расположливите количини на вода по корисници.Следењето на спроведувањето на Законот, конкретно кај нас во Струмица,поготово при користењето на проточните води водостопанските организации не го спазуваат спроведувањето на Законот и законските обврски,не план, туку не се извршени основните подготовки за наводнување. А наводнувањето е веќе на прагот.Согласно на тоа барам надлежното Министерство да изготви информација и да преземе соодветни мерки предвидени со законот, а со тоа сметам дека ќе престане распределбата на вода по минути на овие водокорисници кои користат вода за наводнување од проточните води и добиваат по осум или десет минути од декар.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ;

Дами и господа од Законот за води само го поддржувам предлогот на господинот Флоре Масалковски, Владата што поитно да изготви нов закон околу оваа проблематика.Ова го кажувам од аспект што во изборната единица од каде што сум јас, одводнувањето земјоделците го плаќаат многу скапо и затоа се крајно револтирани околу средствата што ги издвојуваат за тој износ.Во тој однос услугите што треба да ги добијат не се на соодветно ниво.

СЕФЕДИН ХАРУНИ:

Исто така, и јас сакам малку да се надоврзам по оваа точка има различно не само користење, туку и условување на водите за одделни земјоделски површини. Затоа, во гостиварско од каде што сум јас од таа изборна единица водите од Шара сите се користат за хидроцентрали и тие стриктно имаат сезонско пуштање и тоа по договор само за 40 или 45 дена. Воедно се задолжуваат земјоделците секогаш и да плаќаат низ целиот период како константен дел.Од друга страна и овие давачки иако не се користат оваа висина на плаќа е на водниот надоместок е многу висока. Јас мислам дека целата таа стапка не ја подобрува положбата на самиот земјоделец.И тоа многу ја загрозува,бидејќи во сета таа површина што ја обработува и ја одгледува, земјоделецот само ја инвестира, а од неа има многу малку профит. Не само да се донесува закон по кратка постапка,ова што ќе се нуди, туку и да се видат трошоците таа стапка на висината на плаќање да биде помала.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметам дека Министерството за земјоделство, ова е добронамерна критика, требало да изврши усогласување на текстот на постојниот Закон за водите со уставните амандмани со Законот за претпријатија, а и со најновиот Сојузен закон за народна одбрана.За-ради тоа што новиот текст на Законот за води сигурно ќе биде донесен некаде кон крајот на месец јуни. Меѓутоа,со уставните амандмани СИЗ-овите за водостопанство престануваат на 1 јуни. Нам но овој период додека не се донесе новиот закон за води, трг

нувајќи од важноста на овој закон што сега ќе го донесеме, ќе фигурираат СИЗ-ови за водостопанство, водостопански организации на здружен труд,правни термини кои во правниот промет не функционираат, мислам не се употзребува.Токму заради тоа сметам дека ќе имаме и во ваква форма на усвојување на Законот за изменување и дополнување на Законот за води,ќе имаме недоречени работи или термини кои со уставните амандмани и со Законот за претпријатија се исфрлени од употреба.Меѓутоа, кога се наоѓам на говорницата ќе го искористам правото да кажам за новиот законски текст еден предлог кој жителите од месните заедници од Дојранско Езеро инсистираат да го пренесам ова во Собрание, а тоа е имено, стопанисувањето со рибниот фонд на Езерото.

ТОДОР ПЕТРОВ: (продолжение)

Порано сопствениците на соениците и земјиште околу езерото,кое било во нивна приватна сопственост и кои се занимавале единствено,не со земјоделство, туку со рибарство,Законот за колективизација биле здружени во овие земјоделски за други.Овие земјоделски задруги прераснуваат во претпријатија за стопанисување со рибниот фонд и едноставно ги исфрлуваат од стопанисување со рибниот фонд и рибараше лицата кои живеат околу подрачјето на Дојранското езеро.

Сега,со новото преструктуирање трансформирање на сопственост овие претпријатија од општествени со дозвола на општинските собранија преминуваат во претпријатија од приватна сопственост и монополската добивка што ја остваруваат заради експлоатација на рибниот фонд без никаков инспекциски увид, можеби и дали го обновуваат рибниот фонд влегува во приватни џебови. На тој начин она што било порано приватна сопственост сега преку нова процесна трансформација се приватизира во нечиј џеб што не му припаѓа.Затоа инсистирам во новиот закон за води проблематиката за стопанисување со езерата да биде добро разработена и некако да утврдиме некоја сугестија што во побрз рок да го добиеме законскиот текст,макар и до 15 јуни, заради тоа што овој закон што сега ке биде во правниот промет едноставно има термини што се противуставни.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор министерот за земјоделие Иван Ангелов.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Со оглед на тоа дека беа поставени доста прашања должен сум да одговорам.

Прво, овој закон нема цел да внесе некои посебни промени,туку едноставно формално утврдување на постојните амандмани за да можеме ние во моментот да функционираме.Во постапка веќе е изготвување на нов закон за води.Според тоа,ова е само едно формално усогласување и замена на зборовите таму каде што пишува "Општина" сега да пишува "Република".

Сето тоа е усогласено со нашето законодавство, па според тоа веднаш му давам одговор на пратеникот господин Петров дека е извршено усогласување со законодавство и се она што го кажуваше го имаше предвид нашето законодавство.Ние како земјоделство стручниот дел си го направивме а законодавството својот дел.

Одредени пропусти што има од техничка природа на Комисијата денес ги усогласивме.Тоа беа одредени амандмани од пратеникот господин Петров и мислам дека таа корекција се прифаќа.

Понатаму, беше сугерирано во новиот закон да влезат некои нови работи.Ние сигурно тоа го имаме и ќе го имаме во предвид,дури и нешто повеќе, бидејќи паралелно со законот за води,само за ваша информација ние веќе имаме преземено мерки да се изврши тотална реорганизација на нашето водостопанство и тоа да биде поставено на состанок по други основи.Веќе сме во преговори дури со некои ваши пратеници и верувајте дека се она што ќе биде за доборото на сите нас ние ќе го вградиме во новиот закон.

Значи тука во целина ќе биде прецизирана статусната положба на водостопанските организации. Сите проблеми што вие ги изнесувате,ние сме во тек со проблемите,секојдневно сме со нив знаеме и ќе настојуваме со новиот закон и со новата реорганизација да ставиме ред на нашетоводостопанство.

Овде се даде сугестија за рибарството.Тоа е посебен закон само да знае пратеникот Петров дека тоа не е со законот за води,туку постои посебен,закон за рибарство.И тој е во постапка, ние работиме и тој ќе биде усогласен дури со пропозициите што постојат во европската заедница.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам дали уште некој бара. збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлоготна законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на членовите 1, 4, за додавање нов член 4-а, 14, 16 став 1, 23,26, 29 и 35 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие претставуваат составен дел на текстот по предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров доставил амандмани на членот 4, на кој се додава став 3 и во ставот 6 бројот 4 се заменува со бројот 3. На членот 32 се додава нов став 3. Во ставот 3 бројот 2 се заменува со бројот 1. На членот 35 после зборот "членовите" се додаваат бројките 2,3,4,6 и 8.

Комисијата за земјоделство, како надлежно работно тело ги разгледа амандманите и на седницата на Комисијата претставникот на Владата ги усвоил овие амандмани.Според тоа врз основа извештајот од Комисијата тие амандмани стануваат составен дел од текстот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Законот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој.против? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за водите.

Молам да нема сомневање во исправноста на нашата работа, последната бројна состојба е утврдена дека имаме 77 пратеници и потоа излеговте 3-4. Значи имаме повеќе од 70 и можеме да работиме.Останатите од 92-93 главно се надвор во салите.Ако утврдиме дека нема довлно пратеници мораме да прекинеме и да ги повикаме луѓето за да не се спори донесувањето на одлуките.

Минуваме на точката 4 Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за унапредување на сточарството со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на Законодавно правната комисија и мислењето на Стопанската комора на Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за унапредување на сточарството.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали собранието го усвоиле предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали некој има против?

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој) Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на членот 5 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој претставува составен дел на текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)
Бидјеќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и го ставам предлогот на законот на гласање.
Кој е за молам да крене рака(Пратениците креваат рака)
Дали има некој против(нема)
Дали некој се воздржува од гласање(никој
Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за унапредување на сточарството.
Минуваме на точката 5 Предлог за донесување на закон за изменување на законот за одгледување на кози со предлог на Закон.
Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот извештаите на комисијата за земјоделство и шумарство и на Законодавно правна комисија и мислењето на Стопанската комора на Македонија ви се доставени односно поделени.
Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.
Молам кој бара збор? (никој)
Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали собранието го усвоиле предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали некој има против?

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидјеќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и го ставам предлогот на законот на гласање.

Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за одгледување на кози.

Минуваме на точката 6 Предлог на финансиска програма за пошумување на голините и мелиорација и реконструкција на слабо продуктивни ниско стеблени и деградирани шуми и шихари во 1991 година.

Предлогот на финансиската програма извештаите на комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно правната комисија и мислењето на Стопанската комора на Македонија ви се доставени односно поделени

Отворам претрес по предлогот на програмата.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на преамбулата со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој претставува составен дел на текстот на предлогот на програмата.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Славјанка Стојанова.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Почитувани пратеници.

Сакам да укажам на тоа дека предвидените средства во програмата се многу мали,а аналогно на тоа и површините кои можат да се пошумат од овие средства се доста мали.Така да во програмата се предвидува пошумување на 500 хектари и мелиорација на 350 хектари.Ако се земе предвид дека имаме над 30 општини во Републиката ќе испадне дека оваа година ќе пошумиме околу 15 хектари во одделна општина или мелиорација само на 10 хектари по одделна општина.

Сигурно, факт е дека до 1990 година пошумувањето само во пооделни општини беше од 200 до 300 хектари. Ако зборуваме за заштита на човековата околина незнам дали и во 1991 година треба со една ваква програма да стратуваме.Поради сето тоа предлагам заклучок по оваа точка кој би гласел:

Собранието на СРМ ја задолжува Владата да ги преиспита сите можности за зголемување на средствата од оваа програма во текот на 1991 година и да има одредено зголемување.

Исто така сакам да укажам на една грешка на страница 2 во глава 5 каде што се зборува за распределба на средствата.Имено,каде што стои "учество за садење и одгледување на шумски насади 47.500 ми-

лиони динари",а вкупната програма изнесува 14.160.245 динари.Очигледно е грешка и треба да биде износ 7.500,што значи четворката напред да се брише.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам дали некој друг бара збор?(никој)

Ако никој друг не бара збор,молам претставникот на Владата да ни помогне.

- .

ИВАН АНГЕЛОВ;

Прво, во однос на средствата и наша желба беше како министерство за земјоделство да имаме повеке средства.И во нашите првични барања оваа сума ќе беше далеку поголема меѓутоа откако ја видовме финансиската можност на нашата Република во оваа година извршивме усогласување со министерството за финансии,ги согледавме сите извори и на крајот дојдовме до сумата што ви ја презентираме.Значи, можностите се тие за сега,други можности нашата Влада во овој момент не можеше да најде.

Во врска со втората забелешка очигледно е направена грешка не е 47.500 се прифаќа забелешката.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на програмата го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака?(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против )нема

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе финансиската програма за пошумување на годините и мелиорација и реконструкција на слаоо продуктивни ниско стеблени и деградирани шуми и шикари во 1991 година.

Минуваме на точката 7 Извештај за работата на самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во 1991 година.

Извештајот за работа,информацијата за актуелните состојби и проблеми во финансирањето на пензиското и инвлидското осигурување во 1991 година, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика, мислењето на владата на СРМ и предлогот на заклучокот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Стојановски.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:

Почитувано претседателство,почитувани пратеници.

Проблемите со финансирањето на фондот на СИЗ-от за пензиско инвалидско осигурување станува од месец во месец 1991 година се поактуелно.Пензиите касна веќе по месец дена,да не речам и повеке.Кај пензионерите веќе...

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:(продолжение)

Кај пензионерите веќе владее мнение дека една пензија на некој начин веќе е потпишана,а не е чудно до крајот на годината да бидат отпишани две,до три пензии.На сите ни е јасно дека сме во тешка економска криза,јасно предизвикана со политичката криза. Стопата за пензиско инвалидско осигурување во текот на 1990 година е четири пати намалувани.Бројот на пензионерите расте од месец во месец, по две иљјади месечно,така,што до крајот на годината може да достигне до 24 иљјади нови пензионери што не било случај во претходните години.Претходните години тој процент изнесувал годишен пораст од 6,7, додека оваа година оди на 14,1.Скоро сиот технолошки вишок оди во пензија со докуп на стаж,а тој докуп на стаж дали се внесува се во тој фонд, во тој кош дали влегува тоа е прашање за себе и колку влегува.Административни пензионери се регрутираат нон стоп и тоа исто важи дали се внесува во тој фонд.Личните доходи не се исплатуваат редовно,доцнат по два три месеци што е потполно разбирливо со економската состојба во Републиката.Личните доходи се исплатуваат во вид на бонови,во натура како прехрамбени артикли, како техничка стока,како текстилна стока итн. за кои не се плаќа придонес.Гарантирани лични доходи примаат околу 120 иљјади вработени.Приватниот сектор избегнува плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување што сигурно дека има и такви кои си плаќаат и редовно,меѓутоа повеќе ги има такви кои што не плаќаат.Постојат проблеми и во земјоделското осигурување, не е избалансирано внесувањето, заправо вложувањето со исплатувањето. Ќе ви дадам само еден конкретен пример во текот на овие три месеци од изминатото тромесечие во оваа година

на републичко ниво уплатено е 2 милиони 741, а исплатено 8 милиони 776.Ова важи и за оние претходните што јас ги набројав.Постои диспропорција помеѓу активни осигуреници и корисници на пензии, еден пензионер на 4,8 вработени бил во претходните години, а сега е еден спрема 3,6, значи намалено па оттаму и внесувањето на средства во фондот е автоматски намалено.Буџетот на Републиката не ги извршил целосно обврските за пензиите остварени под по поволни услови за пооделни категории на осигуреници, а за административните пензии уште не е ни отпочнато со извршување на обврските.Сите наведени чинители го генерираат недостигот на средствата како и самата стопа.Би требало под итно сите тие генератори да се сопрат, стопата за придонесот да се зголеми привремено спрема барањето на СИЗ-от од 1.01.1991 година за да сесанира состојбата бидејќи во спротивно исплатата на пензиите ќе биде доведена во прашање.

ТОДОР ДИМОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Извештајот на Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за работењето во 1990 година е доста содржаен и аналитички го прикажува работењето на оваа Самоуправна интересна заедница. Од самиот извештај се гледа дека оваа СИЗ 1990 година ја завршува со негативен финансиски резултат, односно со непокриени трошоци од 407 милиони динари.Основните причини за ваквото работење на СИЗ-от за пензиско и инвалидско осигурување според мене се две и тоа. Прво, поради влошената финансиска сосотјба кај поголем број организации во втората половина на 1990 година и ви-сокиот степен на неликвидноста на организациите не беа во можност редовно да ги исплатуваат своите лични доходи, а со тоа и да ги

измируваат придонесите за пензиско и инвалидско осигурување. Така што личните доходи не се исплатуваа и по неколку месеци, а заради влошената ликвидност и кај поголем број организации во стопанството се најдоа под ударот на стечајната постапка.

Како втор момент кој придонесе за ваквото лошо завршување на деловната 1990 година со загуба на оваа СИЗ е зголемениот број на корисници на пензии.На крајот на 1990 година нивниот број изнесува 166 илјади 224, или спореден со 1989 година бројот е зго-лемен за 9,3%. Ова во исто време во истиот период се одразува и заради намалениот број на активните осигуреници за 0,6% во споредба со 1989 година. Како што спомна и претходниот дискутант во 1985 година за еден пензионер имавме активни осигуреници 4,8, додека 1990 година ја завршивме со 3,6 активни осигуреници на еден корисник на пензија.Исто така информацијата која што ни беше доставена како прилог на Извештајот за работењето во 1990 година за актуелните состојби во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување за 1991 година се укажува дека и во почетокот на оваа година значително се зголемува бројот на кмориснициi на пензии односно до крајот на месец април имаме нови корисници на пензии 7300 кој  број одговара ако споредиме на назад неколку години на едногодишниот прилив на нови корисници на пензии. Ако и понатаму во наредните месеци во оваа тековна година продолжи овој број на зголемување на нови корисници на пензии,сигурно дека овој однос кој што го имавме во 1990 година од 3,6 активни осигуреници на еден пензионер ќе се промени и ќе го добиеме односот од 3,1.Сите предлог мерки кои што се посочени во Информацијата за мене се прифатливи со исклучок на предлог мерката под број 3 од страна на СИЗ, тоа го дискутирав и при разгледувањето на Извештајот

за зголемување на стапката од 16,5 на 19%.Вие сите добивте материјал и Владата на СРМ оваа Предлог мерка моментално не ја прифати со што имајќи ја предвид и тешката материјална сосотојба на нашето стопанство и нестопанство во нашата Република.Со предлог заклучо-ците кои што се поделени денеска,кои што ние ги добивме на самата седница која што ја одржавме пред одржувањето на седницата на Собранието јас очекувам со порадикалната фомена на пензиско инвалидскиот систем да се измени односот кој што сега моментално го имаме 1:10 најниска и највисока пензија.Исто така потребно е да се направи анализа со постоечкиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување во поглед на докупот на стажот и административните пензии.Исто така,би се залагал со зголемување на финансиска дисциплина за редовно измирување на придонесите од страна на организациите како од стопанството, исто така и од нестопанството со оглед на тоа што и на самата седница на Комисијата од страна на секретарот на СИЗ-от за пензиско и инвалидско осигурување бевме информирани дека со контролата која што ја направила СОК 44% од контролираните организации нередовно го уплатуваат придонесот во пензиско и инвалидско осигурување и изигрувајќи ги позитивните законски прописи по основ на хранарина иако во тие организации е организирана општествена исхрана,измислуваат со бонови и по други форми и по основ на исплата на шумски плодови и ред други форми го избегнуваат плаќањето на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, со тоа што ако и натаму се продолжи со ваква финансиска недисциплина, состојбата уште повеќе ќе се влоши како што и оценува СИЗ,крајот на годината ќе го заврши со 1 милион и 100 илјади динари негативен финансиски резултат и тоа е рамно на месечни исплати на пензиите.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Заклучокот Ви е поделен. Има седум точки.

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на точка 8.

Предлог на одлука за оргнаизацијта и делогругот на Службите на Собранието на Социјалистичка Релублика Македонија.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Комисиите на Собранието со одредени амандмани го поддржаа предлогот на Одлуката, освен Комисијата за мегунационални односи која предложи Одлуката да биде разгледана како Нацрт.Меѓутоа,Комисијата за меѓунационални односи предлага и амандмани на текстот на Предлогот на Одлуката доколку Собранието не го прифати нејзиниот предлог Одлуката да се утврди како Нацрт

Со оглед на тоа што сите други Комисии го прифаќаат предлогот на Одлуката,Ве молам известителот на Комисијата за меѓунационални односи да се произнесе дали Комисијата останува на предлогот Одлуката да се разгледува како Нацрт.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:
комисијата останува на предлогот да биде Нацрт и затоа предлагаме Собранието да се изјасни

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам Собранието да се изјасни.

Кој е за предлогот на Комисијата за меѓунационални односи Одлуката да се гледа како Нацрт? (22 гласа).

Кој е против (45 гласа)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Предлогот на Комисијата за меѓунационални односи не е усвоен.

Измените во структурата и во начинот на работењето на Собранието на СРМ утврдени со амандманите на Уставот на СРМ, односно воведувањето на еднодомно Собрание ја наментна потребата од донесување нова одлука за организацијата и делокругот на Службите на Собранието на СРМ со која се уредува организацијата и работата на Службите на Собранието.

Со предложената одлука се врши рационализација на Службите на Собранието и ќе се обезбеди ефикасност,економичност и стручност на извршувањето на работите и задачител.

Врз основа на одлуката ќе се донесе посебен акт за внатрешната организација и работа и за систематизацијата на работите и задачите на Службите на Собранието на СРМ, во кои ќе се утврди бројот на извршителитена работите и задачите, видот и обемот на задачите на секој работник и методот и начинот на нивното ангажирање.

Предлагачот,по текстот на Предлгоот на одлуката поднесе амандмани на членовите 12,16 став 2 и за внесување на нов член 21-а и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за внесување на нов член 1, на членовите 1 став 1, 6, 9, 20 став 3 и 51; Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 17 во кој е содржан и амандманот на истиот член поднесен од Комисијата за образование,наука и култура; Комисијата за меѓунационални односи поднесе амандман на член 19; Комисијата за деловнички прашања,Комисијата за општествен надзор и претставки и Комисијата за меѓунационални односи поднесоа амандман на член 25; Комисијата за градежништво и урбанизам да поднесе амандмани на членовите 33 став 1 и 46 став 4 и Комисијата за општествено-политички систем поднесе амандман на член 38,а пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на членот 18, 19,22 и 27. Овие амандмани се прифатени и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Одлуката.

Исто така,се прифаќаат и предложените амандмани на работните тела кои се од редакциски и правно-технички карактер.

Ве известувам дека законодавно правната Комисија поднесе амандмани на членовите 25,став 1 , 26, 33, 38 и 48 како и на член 44, а Комисијата за меѓунационални односи поднесе амандман на членот 30, а пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на членовите 25 став 1 и 38 и на член 29 став 1.

Со оглед на тоа што овие амандмани не се прифатени,согласно одредбите на Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.

Отворам претрес по амандманот на Законодавно правната комисија поднесен на членовите 25 став 1, 26, 33 , 38 и 48.

Овој амандман не е прифатен бидејќи во Одлуката нема потреба да се прецизира називот на општиот акт.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 гласа)

Дали има некој против? (49 гласа)

Дали некој се воздржува од гласање (16 гласа)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од Законодавно правната-комисија на членовите 25, став 1, 26, 33, 38, и 48.

Отворам претрес по аманднманот на Законодавно правната комисија поднесен на член 44.

Овој амандман не се прифаќа од причина што предложеното решение е регулирано со Деловникот на Собранието на СРМ и не е предмет на оваа Одлука.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака. /Еден глас)

Кој е против амандманот? (Мнозинството од пратениците)

Амандманот не е усвоен.Јас ги молам пратениците да не инсистираат на такви гласања каде што нема логика.Имаме кворум и се знае колку е потребно од тоа да добие амандманот.Имаме само еден глас за амандманот од преку 70 пратеници во салата.

СТОЈАН АНДОВ: (продолжение)

Не се инсистира понатаму да го довршуваме гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од Законодавно-правната комисија на членот 44.

Отворам претрес по амандманите на Комисијата за меѓунационални односи и на пратеникот Тодор Петров поднесен на членот 30.

Овој аманмдан не се прифати имајќи предвид дека секретарот на Собранието раководи со службите на Собранието и поцелисходно е на негов предлог Комисијата за прашања на изборите и именувањата да го определува личниотдоходна раководните работници во службите на Собранието.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од Комисијата за меѓунационални односи и пратеникот Тодор Петров на членот 30.

Отворам претрес по амандманите на пратеникот Тодор Петров поднесени на членовите 25 став 1 и 38.

Овие амандмани не се прифаќаат,бидејќи согласно членот 237 од Законот за органите на управата функционерот кој раководи ср органот - секретарот, го носи општиот акт за внатрешна организација и работи на систематизацијата на работите и задачите на службите на Собранието.

Молам, дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесе од Тодор Петров на членовите 25 став 1 и членот 38.

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Тодор Петров поднесен на членот 29 став 1.

Овој амандман не се прифаќа бидејќи Собранието вршеше само избории именвање, а назначувањето на раководните органи го врши Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од Тодор Петров на членот 29 став 1.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (67)

Дали има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Деветтата точка ја поминавме.

Минуваме на десеттата точка од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев-Јасмин".

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Прелдогот на одлуката, молам да крене рака? (56)
Дали е некој против? (4)

КОј се воздржа од гласање? (5)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев.-Јасмин" .

Минуваме на Единаесеттата точка - Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органите на управување во:

- Советот на ОЗТ Национални паркови и ловишта - Скопје,

- Советот на ОЗТ Национален парк "Маврово" - Маврови Анови,

- Советот на Националниот-парк "Галичица" - Охрид,

- Советот на ОЗТ Национален парк "Пелистер"  Битола,

- Советот на ЦОУ "Дедо Ињо Мале-шевски" - Берово,

- Советот на ЦОУ "Ванчо Китанов" -Пехчево,

- Советот на-ОУ "Н.П.Русински" -село Русиново,

- Советот на Центарот за средно образование "Ацо Русковски" - Берово,

- Советот на УСО "Јосип Броз Тито" - Битола,

- Советот на ОУ "Христијан Карпош" -Куманово,

- Советот на ЦОУ "Раде Кратовче" -Кочани,

- Советот на УЦСНО "Јосип Броз Тито" - Свети Николе,

- Советот на Центарот за основно образование и воспитание - Свети Николе,

- Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" - Скопје,

- Советот на ОУ "Видео Смилевски-Бато" - Скопје,

- Советот на ОУ "Кузман Шапкарев" населба Драчево - Сколје,

- Советот на ОУ "Цветан Димов" Центар - Скопје,

- Советот на РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна во раст "13 Ноември" - Скопје,

- Собирот на работниците при Градска Аптека "7 Ноември" - Гевгелија,

- Работничкиот совет на 003Т Детска пнеумофтизиологија при Градската општа болница "Моша Пијаде" - Скопје.

- Предлозите на одлуките Ви се дос-тавени.
Предлагам по сите предлози да расправаме наеднаш да не одиме еден "о еден, како се дадени овде, инаку би изгубиле многу време.

Дали се согалсувате така? (Гласови на одобрување).

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предложените одлуките,да крене рака? (66)

Дали има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органите на управувањето.

Преминуваме на Дванаесетата точка од дневниот ред - Предлог на одлуки за изборна членови на конкурсни комисии односно членови на комисии за изготвување на предлози за именување на индивидуални работоводни органи во:

- Детското одморалиште "Пелистер" -Битола;
- Педагошката академија во Битола;
- Факултетот за физичка култура во Скопје;
- Природно-математичкиот факултет -Скопје; ~
- Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности;
- Градската аптека "7-ми Ноември" -Гевгелија;
- УСО "Перо Наков" - Куманово;
- Земјоделското училиште "Киро Бурназ" - Куманово;
- Средношколскиот дом "Томе Стефановски-Сениќ" Скопје;
- ЦОУ "Дедо Иљо Малешевски" - Берово;
- ЦОУ "Ванчо Китанов" - Пехчево;

**- ОУ "Н.П .Русински" село Русиново;**

- ООЗТ - **ЦОУ** "Кирил **и** Методиј" -Битола;

- ООЗТ - **ЦОУ "Ѓорѓи Сугарев" - Битола;**

**- ООЗТ - ЦОУ "Мирче Ацев" - село Бач - Битола;**

**- ЦОУ "Ристо Пуклев" с.Негорци** -Гевгелија;

-ЦОУ "Видое Смилевски-Бато"-Кичево;

- Филозофскиот факултет во Скопје.

- ЦОУ "Раде Кратовче" - Кочани;

- ОУ "Кочо Рацин" - Куманово;

- ЦОУ "Методи Митевски-Брицо" - се-ло Лозово - Свети Николе;

- ЦОУ "КИрил и Методиј" - Свети Николе;

- ЦОУ "Миле Јевтовиќ" с.Горобинци -Свети Николе;

- Специјалното основно училиште "д-р Златан Сремац" - Кисела Вода - Скопје;

- ОУ "Климент Охридски" - с.Драчево -Скопје;

- ОУ "Сава Ковачевиќ" - Скопје;

- ЦОУ "Јордан Константинов-Цинот" -Скопје;

- ОУ "Кочо Рацин" Центар - Скопје;

- ОУ "Климент Охридски" Чаир - Скопје;

- Специјално основно училиште "Иднина"-Чаир - Скопје;
- ЦОУ "Гоце Делчев" с.Вељуса - Струмица;

- **ОУ** "Маршал Тито" с.Јегуновце -**Тетово;**

- ОУ "Влазрими" с.Доброште-Тетово;
- ОУ "Коста Рацин" с.Брвеница-Тетово;
- ЦОУ "Маршал Тито"-Струмица;
- ОУ "Магдалена Антова"-Куманово;
- 00ЗТ Здравствен дом Демир Хисар.
- Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Предлагам да водиме претрес по сите заедно.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Горѓи Бојковски.

ГОРЃИ БОЈКОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани колеги.

Разгледувајќи ги предлог одлуките за избор на членовите на конкурсните комисии за именување на индивидуалните работоводни органи ми падна во очи она што се однесува за Куманово дека можните предложени кандидати двајца се пратеници и тоа од групата на ЗМРО.Од 8 можни пратеници од Куманово избрани се само двајца и тоа од една партија.

Еднаш реагиравме како пратеничка група на оваа појава и мислам дека и понатаму продолжува затоа ги молам предлагачите по готово ресорните министри заедно со нивните претпоставени потпретседатели и претседателот при предлагање на овие кандидати да имаат предвид структурата на овој Парламент.

Во оваа прилика не би давал друг предлог, бидејќи ќе имаме уште предлози, известен сум од Куманово дека има предлози за уште

директори односно уште членови на конкурсни комисии, но вака да се оди од 8 можни пратеници од Куманово да бидат двајца и тоа двајца од една партија ако некој сакал да се легитимира како министерство се легитимирал до крај.Толку за Куманово.

Имаме сознание за Тетово,одлуката за именување на членови на конкурсната комисија за именување на директор на ОУ "Коста Рацин" село Брвеница-Тетово дека за членовите на конкурсната комисија се предложени Ѓојко Ефтимовски и Иван Неделковски.Имаме сознанија дека овие двајца се баџанаци.Ако е вака предлагам да не се решава во фамилијарни кругови овие кадровски" прашања.Ако е така предлагам на место Ѓојко Ефтимовски да биде делегиран Томе Стојановски вработен во Средно земјоделско училиште.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Овде имаме конкретен предлог само за измена на основниот предлог во село Брвеница ОУ "Коста Рацин". Меѓутоа,самиот предлагач постави еден услов да утврдиме прво дали се навистина баџанаци.Ве молам, морам да водам сметка што е речено,бидејќи незнам и немаме инструмент денеска да утврдиме,молам за село Брвеница да го одложиме.

Дали може така?

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА

Почитувани пратеници, вакви предлози во врска со именување на претставници од Собранието и пошироката општествена заедница за конкурсни комисии, за други одредени занимања за кои сме се определиле порано дека се од посебен општествен интерес имало и на минатата седница, а еве гледам и сега веројатно ќе има уште повеќе и понатаму.

Мислам дека ова Собрание треба да -се определи за еден генерален став, бидејќи сите се претставници на одредени партии и симпатизери и дека генералниот став за кој се залага овде да се почитуваат ставовите од внатре каде сите ќе бидеме делегирани,а дека ние како пратеници сме таму, барем јас како го сфаќам,сме отидени ако има одредени меѓу човечки несогласувања,да посредуваме при нивното решавање.Меѓутоа, не и да се наметнуваме со свои кандидач или со одредуваље на одредена некогашна категорија што постоеше на морално-политичка подобност односно она што значи мешање на политиката во сите сфери на општествениот живот.

Спрема тоа,мислам дека и се залагам дека ова Собрание да заземе таков став повеќе ги почитуваме ставовите од внатре со тоа што ние како претставници на општествената заедница не се наметнуваме и гласаме за одредени кандидати.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (никој)

Ако никој не бара збор со оглед дека имаме само еден конкретен предлог и тој е условен со тоа што уште не знаеме јас помислив една вариајнта да го одложиме само ова училиште, меѓутоа, ако роковите за конкурс помлнат, тоа ќе биде лошо, а немаме јасна претстава,тогаш ве молам за било кој друг случај да провериме на време,а сега да одиме на изјаснување.

Дали можеме да гласаме за основниот предлог?

Има предлог, но дали слушнавте тој предлага да се промени и ве молам дојдете на говорница и кажете точно оти го условивте па нека остане во документацијата дека не сме самоволни.Кажете точно кого предлагате и наместо кого.Прво го условите со тоа да се гврди дали се бацанаци.

ГОРЃИ БОЈКОВСКИ:

Бидејќи немаме време да вршиме проверка, предлагам сепак да извршием измена ќе биде помала грешка ако првото е точно дека се баџанаци, а ако го избереме овој вториот што го предлагам веројатно ќе биде поадекватно решение.Предлагам Томе Стоајновски вработен во Средно земјоделско училиште во Тетово наместо првиот Ѓојко Ефтимовски, макар да ми е сеедно.

САНДЕ ДАВЧЕВ;

Бидејќи сум член на Комисијата за избори и именувања, сакам да кажам ако некој има таков предлог или сака да прсиуствува на Комисијата, комисиите се отворени. Претседаниците ако треба да се свика Комисијата, нека се свика, а не вака на Собрание да предлагаме или не. Тука се негира правото на Комисијата за предла-гање пред Собранието. Сметам дека друг пат кога ќе има,пред седни-цата нека се свика Комисијата и нека одлучи, така да Комисијата ќе има став по овој предлог.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, ние имаме точен предлог, што е предлогот на пратеникот.

Јас мислев да го повикам господинот Крстевски како претседател на Комисијата,дали го прифаќате неговиот став како претставник.Повелете господине Крстевски, прво да разјасниме дали е валиден предлогот.Прво да видиме Комисијата што ќе каже.

ЧИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Членот Давчев правилно си кажа, тој овластен предлог, директен предлог немате право како пратеници да дадете на самата седница меѓутоа поднесениот предлог од Комисијата доколку не го прифатите ние во наредното повторување на постапката ќе ја оцениме таа можност која ја предлагате.

Во однос на Врвеница од ситна работа да не настане крупна јас се согласувам бидејќи сега имаме основано сознание дека тие се евентуално баџанаци, објективно ако се тоа не смета, туку тоа може да го вратиме повторно, преку Комисија независно од рокви. во другиот дел прво писмениот предлог да се гласа а за другото потоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Па добро овој предлог на господинот Крстевски да го прифатиме.

Кој е за,молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

Убедливо сите сте за Предлогот.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(4).

Констатирам дека Собранието го прифати Предлогот на господин Крстевски во врска со предлогот на господин Бојковски.

Дали има предлози во врска со предлогот и мислењето и вкупниот предлог што е даден од Комисијата за избори и именувања.

Бидејќи нема други предлози,тогаш предлозите и одлуките што ги достави Комисијата со оваа измена што сега ја изршивме ги ставам на гласање.

Кој е за, молам да крне рака. (Пратениците креваат рака)

Убедливо сите сте за Предлогот.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за избор на членови на конкурсни комисии односно членови на комисии за изготвување на предлози за именување на индивидуални работоводни органи.

Минуваме на 13-та точка.Предлог на закон за ратификација на Европската конвенција за контрола на набавување и држење на огнено оружје од страна на поединци.
Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство и Законодавно

правната комисија, Мислењето на Владата на Социјалистичка Република Макеоднија и Предлогот на заклучокот Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот,што. ви е поделен за давање согласност го ставам на гласање.

Кој е за,да крене рака.(Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(1).

Констатирам дека Заклучокот за давање согласност на Предлогот на законот за ратификација на Европската конвенција за контрола на набавување и држеше на огнено оружје од страна на поединци е усвоен.

Минуваме на 14-та точка Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за сојузните административни такси.

Нацртот на законот,извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, Мислењето на Владата на СРМ и Предлогот на заклучокот Ви се доставени, односно поделени.Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Во образложението на овој Нацрт-закон под начело 3 гласи:"Ова има за последица што приходите по основ на наплата на такси во целости му припаѓаат на буџетот на Федерацијата" што досега не беше случај. Ние на овој начин ако го изгласаме овој закон одредена сума на средства од нашиот буџет ќе оди во буџетот на

Федерацијата, значи за џабе ние носиме разно разни декларации било за суверенитет и тн. од тие причини сум против било каков динар да оди во Фондот на Федерацијата, од причини што знаеме дека од јуни 1990 година единствено Македонија и Босна и Херцего-вина беа будали па ја издржаваа Федерацлјата.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање?

Кој е за,молам да крене рака? (Пратениииите креваат рака).

За предлогот гласаа 61

Дали има некој против?'(12).

Дали некој се воздржува од гласањето? (3).

Констатирам дека Заклучокот по Нацртот на законот за измени и дооплненија на Законот за сојузните административни такси е усвоен.

Минуваме на пратенички прашања.

Владата на Социјалистичка Република Македонија достави одговори на прашањата односно на дополнителните прашања на пратениците:Тодор Петров, Цветан Јовчевски, Горан Зафировски, Митко Анастасовски, Михаил Пановски, Биљана Лазаревска, Петар Трајковски, Аслан Селмани-, Бранко Арсовски,Драги Гроздановски и Бранко Блажевски, поставени на седниците на Собранието одржани на 7 март и 16 и 18 април 1991 година.

Исто така,Владата на Социјалистичка Република Македонија за денешната седница достави одговор и на дооплнителните прашања на пратениците Тодор Петров, Горан Зафировски, Панче Минов, Мерсим Положани, Неџати Зафери, Трајан Мицевски, Иван Иванов и Сејфедин Харуни, поставени на седницата на Собранието одржана на 16 и 18 април 1991 година.

Дали некој од добиените одговори бара збор.Дали сте задоволни од прашањето,и ако не сте задоволни дополнително поставете.

ДУШКО АРСОВСКИ:

Не сум заодоволен од одговорот од проста причина што не ги задоволува барањата на граѓаните што се наоѓаат на тој регион.Јас само да потсетам дека на претходната седница го поставив ова прашање,а прашањето гласеше "дали ЖТП Скопје навистина има намера со новиот возен ред кој стапува на сила 21 мај 1991 година го укине возот кој е на железничка линија Куманово-Бељаковци и што Владата ќе преземе ако до тоа дојде".Одговорот што го добив пред самата седница гласи - да. Од прости причини што според убедувањето на ЖТП Скопје дека оваа линија нема своја економска оправданост.Колку едноставен одговорот а колку последици ќе предизвика кое ќе ги почуствува, а знае само тоа население кое живее на тоа подрачје.

Јас морам да ја потсетам Владата и овој Парламент, дека поставеното прашање е прашање на многубројното население од криворечкиот крај на општините Куманово и Кратово и голем број население кое живее во повеќе скопски општини кои многу интензивно комуницира со луѓето од тој крај. И покрај тоа за одговорот на ова прашање населението не е информирано самата најава за укинување на возот создаде невидени последици.Потсетувам дека проблемот е до толку изострен и добива многу сериозни димензии со можност психичката напнатост и целото незадоволство кое е присутно да се претвори во спонатана и организирана реакција на повеќе од пет илјадното население најавува штрајквови и митинзи и многу нешта пред Собранието на општината и Македонија и пред ЖТП Скопје.

Незадоволствата на ова намачено земјоделско население се до толку оправдани што оваа железничка пруга,ова таканаречен бељаковски воз им претставува повеќегодишно основно и единствено превозно средство за комуникација со надворешниот свет,а посебно со урбаните средици во Републиката и пошироко.За цели 45 години од ослободувањето овој крај последен доби електрична енергија и денеска е без вода,без пат,без никаква инфраструктура,со нарушена демокрафска структура,може слободно да се каже без перспектива за иднината. Дури она што им претставува единствена можност,возот и тој се укинува.Секој добронамерен човек ќе праша зошто.Ваквиот исход ниту од граѓаните на овие 20 населби лоцирани во пребогатата и перспективна земјоделско производство криворечка долина од кумановско и повеќе села од кратовската општина,во текот на 1953 година кога со големо задоволство и среќа учествуваа преку разни форми, кулук,самопридонес во изградбата на пругата вакво нешто ниту во сон не го имаат претпоставувано,а посебно да го доживеат.

Ова население по логика на непосредното учество во градењето од морална и материјална гледна точка се смета за дел од сопствениците на оваа железничка линија и по секоја цена не сакаат никој по било кој основ да го девалвира нивното учество во градењето на пругата, а посебно да ја девалвираат потребата од приклучување на оваа линија со железничката мрежа на Народна Република Бугарија и источниот дел од светот.Ве молам почитувани пратеници,почитувани министри на Владата,почитуван директор на ЖТП Скопје,дали е човечки и хумано на ова население не по нивна вина да му се земе она најпотребното, најсветлото.

Мислам тоа не треба да го дозволиме ниту еден од спомнатите субјекти.Мислам дека имаме сили да го надминеме овој проблем и создадеме надежи на ова население на кое треба да се гордееме што останало и што сеуште живее во крајно неповолни услови,а кое население верува во сите нас тука,во Парламентот,во Владата и во ЖТП.Инаку во дадениот момент нема никаква замена за пругата бидејќи таа е единствената можност,средство за комуникација и што за друг сообраќај нема услови од причини што непостои никаков пат освен оној така наречен селски пат погоден:за запрежни коли.

Во тој однос предлагам до Владата на СРМ, одговорните на ЖТП Скопје, општината Куманово, месните заедници нај итно да расправаат за проблемот со цел изнаоѓање најоптимални решенија за овој проблем.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам немојте да отворате претрес, туку јавете се ако имате дополнителни прашања.

<u>МИХАИЛ ПАНОВСКИ;</u>

Јас на моите две прашања што ги поставив добив одговор само на едното,а другото што го поставив за состојбите на стоматолошките клиники денеска го добив одговорот и ми е кажано дека ќе најдам уште еден одговор и дали сум задоволен од одговорот или не го земам правото да се изјаснам откако ќе го добијам комплетниот одговор.

Во врска со прашањето за снимените касети што го поставив за Телевизија Скопје со сепаратистичко-иредентистичка содржина не сум задоволен од одговорот. Јас касетата ја имам кај мене и барам да се тврди фактичката состојба, односно Министерството за внатрешни работи или кој е надлежен орган во нашата Влада

да испита, спремен сум за соработка, заеднички да ја погледаме касетата и да утврди дали оваа касета е снимена во нашата Радио-Телевизија или не.

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:

Не сум задоволен од одговорот за доставување на спискови за одземање имоти од војната до сега и барам истите не само од мене, барањето е и од и од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ списковите да бидат доставени во интерес на историската вистина.Ако сега ние бараме после турското ропство да се достават архивите од Турција,во интерес на вистината треба да бараме да се достават списковите од опљачканите богатства после војната. Тоа е еден вид комунистичка окупација.Одземање на приватна сопственост.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

.

Не сум задоволен затоа што немам добиено одговор на четири поставени прашања.Две прашања се однесуваа на работата на Педагошката академија,поставени беа на 8-та и на 9-тата седница.Тогашниот секретаријат за образование, наука и култура се оглуши на таа работа. На 12-тата или 13-та седница поставив две прашања исто така кои се однесуваа едното за Министерството за правосудство, а другото до министерството за информации.И тие две прашања, а во мојот пратенички стаж имам поставено четири прашања одговор немам добиено на ниедно.Не знам зошто.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам претставниците на Владата да се потрудат да утврдат зошто досега не се дадени одговори и да дадат одговори.

АСЛАН СЕЛМАНИ:

Од одговорот на поставеното прашање не сум задоволен па затоа за наредната седница барам да се отвори расправа по ова прашање,односно прашањето беше кои стручни институции учествувале во подготовката на стручната експертиза за отстранување на наставниците што ја завршиле студиската група македонски и албански јазик на Педагошката академија во Скопје. Колку изнесува нивниот број во Македонија и што сегашната Влада може да придонесе за разрешување на овој проблем. Одговорите не се однесуваат на моето прашање туку се некои политички конотации и т.н.

СТОјАН АНДОВ:

Господинот Селмани бара поширока информација,а потоа можеме да се изјаснуваме дали ќе имаме расправа по неа.

ЈОВАН НИКОЛОВ:

Од името на граѓаните на Велес,од името на партијата СКПДП беше поставено прашање во писмена форма да се одговори зошто не беа почитувани судските одлуки во врска со заземањето на просториите на СК ПДП во Тито Велес.Требаше усмено да одговори министерот,а овде гледам ни писмено ни усмено не одговори.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има од Министерството за внатрешни работи?
(нема)
Тогаш Владата да го задолжи министерот да одговори на ова прашање.

Минуваме на поставување на пратенички прашања.

ЏЕМАИЛИ ВЕБИ

Замолен сум како јавен протест,немам намера да го прочитам на граѓаните и родителите на албанските ученици од основните и средните училишта на Македонија.Овој протест се праќа до Претседателството на СФРЈ, Извршен совет на СФРЈ, претседателот на Македонија,Собранието на Македонија,Обединетите нации,средствата за јавно информирање,Европскиот парламент, Европскиот совет.Имаме едно барање ова да се фотокопира и да се дели кај сите пратеници за идната седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас се извинувам, некои се лутат кога им кажувам, вие секогаш со петиција, со барање, можете да се обратите до претседателот на Собранието и до Собранието, ние ќе ги поделиме таму каде што треба.Но сега се пратенички прашања.Тоа не *спаѓа* во пратенички

прашања.

Дали имате пратеничко пташање? (немам).

ЈОВАНОВ.

Јас нема да го читам пратеничкото прашање, само ќе го доставам на Владата.

СЕЛМАНИ............:

Вам ви е познато во Гостивар и во Тетово во собранијата се поставија времени мерки од Владата на Македонија.Меѓувреме од врвните функционери на Републиката со образложение дека тие се поставиле од причина што ПДП и НДП одборниците ги немаат земено предвид конституирањето на двете собранија,иако тие собранија не се конституирани до денеска бараме меѓувремено парламентарната група беа примени од сите функционери од Републиката,па бараме од Владата за наредна седница да се земаат сите телеграми и нашите контакти со нив и да се види од кои причини се ставаат вонредните мерки,дали се причина одборниците на ПДП или обратно другите другари кои што не сакаат да бидат присутни,иако изборниот закон не е во целост почитуван не е потребно да има и во другите партии,меѓутоа ние тоа го направивме од икс причини,бараме од Владата на Македонија да ги видиме стенограмите,да видиме кои се причините што не дојде до конститурање на овие две собранија.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ве молам, секогаш прецизно формулирајте ги прашањата.

СЕЛМАНИ...........:

Барам од Владата за наредната сендица да се изготви информација од кои причини досега не дошло до констиуирање на двете собранија.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи вие да бидете известени за причините, тоа да биде направено со Информација,а после дали Информацијата ќе се дели или не, тоа е друга работа.

ДОСТА ДИМОВСКА

До Владата на Македонија има три кратки прашања и барам да ми се одговори во писмена форма.

Првото прашање во чија сопственост се кадровските објекти во населбата "Водно",така ларечените вили на Водно,колкава е нивната вкупна, поединечна и вкупна квадратура,под какви услови се користат и од кого?

Второто прашање е до Министерството за информации.Македонската телевизија во својата централна-информативна емисија вториот ТВ дневник ја информира јавноста дека за 22 часот е закажан митинг пред Собранието на Македонија.Не беше јавено, како што е редно, кој го закажува и кој го организира митингот.

Барам да ми биде одговорено од каде телевизија ја добила оваа вест и какви санкции се предвидени со Законот за информирање за уредникот на ТВ дневникот, ако се работи за дезинформација.

Третото прашање до Министерството за внатрешни работи и до Министерството за правосудство, како гевгелиското командитно друштво "Југопрогрес" остана без дистрибутивниот центар и магацини што ги изгради во Белград,какви конретни мерки министерствата во врска со овој драстичен пример на нарушување на стопанскиот систем ќе преземат.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Јас имам две прашања по кој ќе барам писмен одговор со мал коментар.Неодамна за време на Велигденските празници на 5-ти мај оваа година, ден пред Ѓурѓовден на наше задоволство во Стење, односно Пустец дојде до средба на жителите од нашава Репуб-лика со Македонските од албанскиот дел на Преспа. Сметам дека заслужува да се поздрави разбирањето нашите власти и на властите од Република Албанија за потребата од вакви средби.Тоа според нашето мислење претставува значаен чекор кон политиката на отварање граници со од друга страна треба да овозможи остварување на духовното единство на Македонските и на Албанците што живеат на Балканот.Затоа сметам дека оваа политика треба да се негува и во договор со албанските власти со средби на граѓаните да дојде и на други места.Сметам дека тоа ќе придонесе за натамошно зближување.Во свое име и во името на Парламентарната група на која припаѓам предлагаме дури испитување на можностите за укинување на визите  и од страна на Македонија,односно Југославија и од страна на Албанија, а властите надлежни да стапат во контакт да преговараат.Прашањето ми е ова:
Дали досега имало иницијатива  на граѓаните било од наша или од албанска страна за средби и на други места по должината на границата меѓу Македонија и Албанија.Дали имало обид за организирано,а легално преминување на границата од страна на албанските државјани на друго место и какви мерки се преземени од страна на властите во нашата Република против ваквиот начин на влегување на нашата територија.И конечно што мисли Владата за потребата од средби на граѓани од овие две соседни држави и во Струга, односно Подградец и Дебар односно Пешкопеа.

И Второто прашање е врзано за еден несреќен случај, кој за жал сеуште остана енигма, поттикнат од граѓаните од Струга поставувам едно прашање за овој собир на испитување.На 14 март 1991 година околу 20,оо часот на влезот во с.Радолишта-Струга покрај патот е најден мртов Бесник Ајро, на 32 години, жител на истото село. До него била најдена неговата ловечка пушка скршена на парчина.

Надлежните органи констатирале дека се работи за самоубитство со сопствена пушка, а бил погоден во пределот на стомакот.

Од друга страна,неговото семејство тврди дека тој немал причина да се самоубие,а и не било место токму на пат,одејки за на работа со сопствена пушка да се самоубие.Инаку, тој работел како чувар на зградата и другите објекти на Централното основно училиште "Ашино Агуши" во истото село, што се наоѓа оддалечено од селото околу 2 км.

Поставувам прашање до надлежното Министерство: дали има нови сознанија за вистинските причини за овој несреќен случај, дали не е во прашање убитство од друг, дали неколку дена пред тоа,сега починатиот Ајро навистина се расправал со патролата на милици-јата, и конечно дали е погоден од сопствена пушка, значи со сачми
и од каква далечина?

Молам одговорот да го добијам по писмен пат.

ХАРУНИ.СЕФЕДИН

Прашање за Ресорното министерство.Дванаесете месни заедници имаат склопено договор со ПТТ - Скопје. Тука се работи за 2000 тел.броеви.Меѓутоа,до ден денеска тој договор што е направен не е реализиран,а секој број чинел 1000 марки.Едно од тие

10 села, од тие месни заедници, потписник сум јас на еден договор.Кога ќе постапи одговорниот по тој договор и кога таа телекомуникација ќе биде реализирана.Тоа се селата: Топлица,Добридол,Калиште,
Ломница,Гургелиште,Горјане,Градец,Сенакосе, Неготино.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас го замолувам г-динот Харуни да го формулира прашањето писмено,точно да се набројат селата.

КОТЕВСКИ.ЃОРЃИ

Бидејќи на една од претходните седнци, премиерот на Владата во наводници истакна дека оружјето од територијалната одбрана на Македонија е руеднос тавено за да се чува во касарните на ЈНА. Поставувам едно прашање, дали нашата Влада и минстерот на народна одбрана веќе има некаква стратегија за во Македонија да се изградат специјални места,магацини за чување на оружјето. И во зависност со тоа како ќе го добијам одговорот и што се состои внатре, мислам
На дека една од наредните седници тоа прашање ќе го покренам како прашање на дневен ред.

СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ

Јас прашање сега не поставувам, туку само го опеменувам претседателот на Собранието дека пред 5 собранија однапред поставив едно прашање, до денеска не ми е одговорено ниту го има во програмата за одговор, ниту пак добив одговор.Се смени Извршниот совет, дојде нова Влада,дали некаде се загуби или не, нема ми се одговори.

СТОЈАН АНДОВ:

Прашањето е уредно доставено до Владата, сеедно што се сменил Извршниот совет, сега е Влада, службите се таму и обврските остануваат.Таа обврска е на Владата, а не на претседателот.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:

До потпретседателот на Владата Јован Андонов.Во новоформираните услови на стопанисување,заложбите на новата влада се првенствено ориентирани кон пазарното стопанисување со сите придружни реформирани финансиски, законски регулативи со кои '=истите треба да се регулираат.Во контекст на оваа проблематика е и нашето прашање кое гласи:кои се законските норми и регулативи по кои се водела Владата при изфавање налог на соодветните органи мислам републички,слредствено општински, за затворање на кванташкиот пазар со кои стопанисува претпријатието за општествена сопственост за услуги и промет и трговија "Скопски пазар" и истовремено пренасочувајќи ги консументите кон новоотворениот каванташки пазар сосптвеност на Технометал-Вардар.Дали оваа одлука е од траен карактер, или привремен се додека не се отстранат недостатоците во организациона смисла на постоечкиот, ако тие се регистрирани И дали ова не претставува своевидно монополитичко однесување на соодветните републички органи кои ја регулираат и следат оваа проблематика кои се поставени во овој случај по мое како крстосничари и усмерувачи на протокот на стоки во овој вид, без давање на поддеднаков третман на веќе формираните кванташки пазари и нивно меѓусебно пазарно работење за која Владата генерално се залага во еден ваков пеодинечен случај кон тој принцип не се придржува. Барам писмено да ми се одговори.

ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:

Информиран сум дека Министерството за информации постави човек за советник кој што е компромитиран и кој што е осуден заправо како новинар за кривично дело клевета и за лажно пренесување на невистинити работи.И кој што новинар своевремено работеше исклучиво со новинарите од Белград против македонските средства за информирање.Тој е Моамер Вишка ако е тоа така,бараме информација, министерот тоа може да ви каже ако е така, тогаш бараме и оставка за министерот на информации, доколку знаел за ваквите настани.

ШАКИРИ...

Почитувани пратеници, до 1988 година, наставата на Албански јазик во Куманово се довиваше во неколку средни училишта од I до IV година, спроед насоките на средното образование.Така што во ова време Куманово имаше 36 паралелки на албански наставен јазик. Заклучно со ова година од сеуште непознати причини за нас беше наставата целосно укината.На ден 28 -08 - 1988 година во зградата на поранешниот општиснки комитет беше свикан состанок од страна на тогашните општински властодрсци по барање на родителите, учениците и наставниците . На овој состанок беа присутни и претставници на тогашниот Републички секретаријат за образование. Во исто време бидејќи на овој состанок проблемот на наставата не се решил позитивно,предизвикал револт кај граѓаните од албанска народност кој своите барања ги изнесол јавно пред зградата на комитетот и со мирно дефилирање низ улиците на градот и тоа со оправдано барање за повторно отварање на паралели со настава на Албански јазик и враќање

на отстранетите наставници на работните места . Напротив овие гарања од државните институции на тогашниот еднопартиски систем беа оквалификувани како националистички и непријателски испади и следеа репресивни мерки со драконски казнувања, отстранување од работа, тероризирање на граѓаните, од СВР Куманово. Барам од Владата да ни достави точно податоци во писмена форма од овие настани и тоа: колкав е бројот на оние кои се отстстранети од работа поради овие причини и колку од нив се просветни работници,работници од производни дејности, стручњаци, функционери од разни дејности.

б) Колкав е бројот обвинети за прекршоци, кривични дела, колку ги издржиле казните и дали сеуште некој се наоѓа на идржување на казната.

ХИСНИ ШАКИРИ; (продолжение)

Второ, во врска со овие настани во името на албанското население од Куманово од страна на новиот повеќепартиски Парламент и Владата на Република Македонија бараме да се изврши нова проценка на овие настани во духот на демократските процеси што се појавија на денешната политичка сцена кај нас, а со цел за стабилизирање на меѓунационалните односи во општината и пошироко.

Исто така, задолжен сум од мојата база односно целото албанско население од Куманово да се овозможи од Републичката Владата повторно отворање на паралелки на средните училишта на албански наставен јазик.Во спротивно граѓаните ќе бидат принудени нивните барања да ги изнесат пред зградата на Републичкиот Парламент со цел да се отворат средните училишта на албански наставен јазик.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас Ве молам и Ви укажувам, извенете што морам тоа да го чинам,иако има пуѓе што постојано замераат за моите интервенции овде,многу е важно постапката овде.Многу е голема разликата од правата што пратеникот ги има кога зема збор да постави прашање и од тоа да се отвори расправа и да изложи што мисли тој по нешто што не е на дневен ред.Затоа Ве молам, почитувајте го тоа,затоа сум јас тука,кога укажувам држете се до деловничките одредби.Сега се поставуваат прашања. Образложението ние треба во Деловникот тоа да го регулираме за секое прашање да не пројде три минути.Инаку невозможно е на овој начин да работиме. Ќе дојдат сосема нови работи.Ве молам, да се придржуваме до постапката

и да се знае прашањето точно на кого е насочено,кому му се поставува и што е прашањето.

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Имам прашање до господинот министер за народна одбрана во Владата на Република Македонија.
Имено, по кој повод на неодамна мобилизираните граѓани им се држени политички предавања,на кои се девалвирани демократските придобивки во Македонската држава,со оцрнување на македонските национални партии,а најмногу на ВМРО-ДПМНЕ, кога знаеме дека Армијата се декларира како деполитизирана и департизирана.

Молам, на прашањето да ми се одгвори во писмена форма.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

До Владата на Македонија четири прашања.

Прво, кој го има одредено проф. Трајан Гоцевски од Филозофскиот факултет да учествува во работата на Експертската група за иднината на Југославија во областа на одбраната? Оваа информација на ТВ дневник 3 на ТВ Скопје ја имаше на 12 мај 1991 година.

Второ прашање: Дали има македонци кои сеуште се во ЈНА и покрај тоа што го отслужиле воениот рок, и ако ги има колку се на број ?

ЕДЕН ПРАТЕНИК ОД МЕСТО:

Не само македонци, туку и останати.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Трето, од каде прима плата министерот за народна одбрана Ристо Дамјановски, од Владата на СРМ или од Армијата?

Четврто, дали во Словенија има мобилизирани резервисти и ако ги има колку се на број?

Молам на поставените прашања писмено да ми се одговори.

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:

Идејата да го поставам следното прашање се однесува на толкување на Уставниот амандман 75 точка 9.Основната идеа се темели на тоа што, имајќи предвид дека пред извесно време знаеме дека господинот Љупчо Георгиевски е избран за претседател на ВМРО-ДПМНЕ, а воедно ние пратениците овде имавме прилика и дадовме доверба да биде потпретседател на претседателот на Републиката Киро Глигоров.Воедно сме барем постојано информирани или куоларски, а јас кислам дека и тоа е така направено во меѓувреме таа функција Љупчо Георгиевски ја става во мирување.Тоа се основните мотиви,а имајќи ги предвид и новите сознанија кои треба да ги очекуваме со измените на идните решенија на Уставот,си помислив дека би било добро да се обезбеди едно толкување.Толкувањето мислам дека е најреално и најобјективно да го обезбеди Владата на Република Македонија,веројатно преку секторот за законодавство, што значи имајќи ги предвид овие аргументи,прашањето се состои во тоа да се даде толкување на Уставниот амандман 75 точка 9.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас мислам дека Владата може да даде само мислење, а не толкување.

ХАМИТ АЛИУ:

Има две прашања за господинот министер за внатрешни работи, да ми се одговори писмено.

Прво, има индиции дека во СВР Тетово масовно се издаваат дозволи за носење на оружје на македонците. Дали РСВР има сознание за такво нешто иако не е тајна колку такви дозволи се издадени од јануари 1991 со наведување на националната припадност.

Второ прашање: дали е точно дека во последно време во Тетово се мобилизираат милиционери од резервниот состав само од редовите на македонската националност.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Две прашања имам од областа на екологијата до ресорното министерство.Пред да ги поставам,да потсетам на мудроста на индијанскиот поглавица дека земјата што сме ја наследиле не од дедовците туку е позајмена од идните генерации.Конкретно прашањата се:

Прво, кои мерки и активности ќе ги преземе Владата на СРМ за натамошна реализација на заклучоците на Собранието на СРМ донесени по повод информацијата за опременоста на организациите на здружениот труд со опрема, уреди и инструменти за заштита на воздухот од загадување, разгледана во Собранието на СРМ на 22.11.1989 година.

Второ, кои мерки и активности се ги преземе Владата на СРМ за натамошна реализација на заклучоците на Собранието на СРМ, донесени по повод Анализата за состојбите на човековата околина во СРМ со посебен осврт на остварувањето на законските прописи во заштитата 1.водите, воздухот и земјиштето, разгледани на Собранието на СРМ на 22 ноември 1989 година.

Молам, одговорот да биде во писмена форма.

ЈБУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Има три пратенички прашања.

Прво, до Министерството за правосудство: Дали НИПРО "Нова Македонија" по менувањето на титуларот на сопственоста е регистрирано во регистарот што се води при Стопанскиот суд во Скопје.Ако е , кога е тоа сторено,колку време подоцна и дали во таа смисла постои вакум временски простор во кој илегално е вршено растурање на дневен печат и периодични изданија.Ако е така ,кои санкции и против кого ги пропишува Законот за ваквите случаи.

Второто прашање е до претседателот на Собранието.Дали претседателот на Собранието смета дека е потребно да изготви една писмена информација за неговата посета на Касарната "Маршал Тито" во Скопје, каде им беше во посета на единиците односно каде што беа стационирани мобилизираните единици од резервниот состав на ЈНА,бидејќи таму тој настапи со функцијата претседател на Собранието, во таа улога беше таму.

Трето, до ресорните органи на Владата, не знам , не би можал да го лоцирам, колкава е вредноста на имотот на поранешниот Сојуз на комунисти,потоа СКМ-ПДП, а сега.СДС, вредноста на имотот и дали сето тоа е стекнато од членарина како главно се декларира или има и некакви средства од Заедницата во тој имот.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

СИЗ-от за домување при СО Битола "Ајдакаде" и џамијата ги претвори во складиште на алкохолни пиј лоци, кој објект е изграден

во текот на XVI век и претставува еден од најстарите културно историски објекти во Битола. Што ќе преземе надлежното министерство ваквите објекти да ги поштеди од немилосрдното и бесмисленото деградирање.

Второто прашање е кога и на кој начин Владата на СРМ ќе го поврати имотот на Исламската верска заедница кој бил одземен после ослободувањето.
Барам писмен одговор.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ;

Едно кусо прашање до министерот за внатрешни работи.

Во последно време во Македонија се присутни се почести појави на безвластие,незаконие и слично. Посебно загрижува фактот што особено државните органи за јавна безбедност недоволно енергично и ефикасно реагираат во разоткривањето на сторителите на ваквите појави.За тоа говорат настанит и што се случија во последните два три месеци, да не почнам од она што беше фрлан тој молотов-коктел во зградата на поранешниот ЦК СКМ,па се со случајот на колата на нашиот пратеник од Гевгелија, физичките напади на новинарите,нередите во Битола итн. Бидејќи до денеска ниедно од овие прашања не е информирана јавноста, му поставувам прашање на министерот за внатрешни работи , зошто Министерството сеуште молчи околу овие прашања и не презема конкретни мерки за отстранување на овие појави т.е. откривање на нивните сторители што го разгоруваат и сеат страв и вознемиреност во Републиката. Значи, прашањето се состои дали е нешто преземено и што е преземено и ако не е преземено, зошто не се преземе?

ФАИК АБДИ:

На 13 мај на денот на безбедноста се случи еден да речам злостор во Скопје во фабриката "Треска".Наводно, имало некоја кражба па биле повикани полицајци.Еве, денес разговаравме многу за демократија,меѓутоа, изгледа како да сме многу далеку од таа демократија.Дошле двајца полицајци и зеле тројца роми,ги однеле во првата милициска станица "Беко",едниот го задржале а било доста јако момчето и еден полицаец со еден ширит и една ѕвездичка, не знам што чин е тоа,му дал две-три минути време да размисли, овој 12 години работи во таа фабрика и сите пофално се изразуваат за него.Ненадејно почнал да го тепа со палка, па потоа во подрум со дрво оволкаво, дебело оволку и детето го направиле ама заникаде. После утредента го примам во канцеларија,се собле-кува детето и одиме веднаш кај министерот за внатрешни работи.Таму беше и Дамјановски и неговиот заменик,Дамјановски излезе,заменикот остана, заменикот на министерот за внатрешни работи, градскиот секретар за внатрешни работи и сите се изначудија,почнаа да реагираат како луѓе.Денес на тоа дете ,утре на ваше дете итн. Тоа ѕверство е насликано во судска медицина со специјални апарати, со колор фотографии и министерот кажа дека го суспендиратг ова лица.

Прашање до Министерството за внатрешни работи, што после суспензијата?Барам писмен одговор со генералии на овој јунак полицаец, ѕверот, за да видиме што понатаму ќе правиме.

Втор случај има во полициска станица "Бутел", некое лице се вика Трифун тепано е многу лицето, има и лекарско уверени, па го повикаа таму на разговор, му го зедо. лекарското уверение му го искинаа и тужба против него е поднесена дека тој е виновен.
За двата случаи барам писмен одговор.

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

Јас сакам да поставам три прашања кои ќе бидат кратки.

Првите две се однесуваат за министерот за внатрешни работи на Македонската Влада,додека третото за министерството за здравство

На 2 мај на местото викано Кале над Тетово било пукано со огнострелно оружје од страна на милиционерот Душко Илиевски кон малолетникот Плеурат Куртиши од с.Лавце Тетовско.За среќа истиот не бил погоден. Меѓутоа, од соработникот на Душко, милиционер, тој потрчал кон него го достигнал,го престигнал и му нанел лесни телесни повреди.

Прашувам дали Министерството има сознание за оваа работа и што е преземено, и дали во конкретниот случај не се пречекорени овластувањата, а ако се утврди дека се пречекорени закви мерки ќе се преземат спрема сторителите.

Вториот случај се случи на денот на одржувањето на нашата седница 10 мај 1991 година надвор од училишниот двор на Основното училиште "Зуфер Мусиќ" Тетово од страна на СВР Тетово била употребена сила против една жена и учениците на ова основно училиште надвор од училишната зграда и училишниот двор, каде една ученичка задобила лесни телесни повреди.Исто така, биле употребени многу навредливи, вулгарни и заканувачки зборови од страна на припадниците на милицијата,кој настан би можел да предизвика состојба со многу тешки и несакани последици.

Барам одговор дали и за овој случај има сознание Министерството и какви мерки се преземени , дали е побарано од Министерството однапред право да употреби сила или не?

Третото прашање е следно:Група лекари од Тетово од стоматолошка насока иако од Медицинскиот центар Тетово добиле виза за специјализација,неколку пати барале да почнат да ја реализираат нивната желба,а од надлежниот орган т.е. Медицинскиот факултет во Скопје се одбиени со мотив дека требало да платат некој голем паричен износ од 65 милијарди стари динари.Дали има ваков закон?Тоа е прашањето. Дали има ваков закон за плаќање на специјализацијата и ако има кога е донесен? Се работи за стоматолози.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има уште праша&а? (нема).

Сакам да дадам една напомена. Ја молам Владата да ја обезбеди присуство на компетентни личности, пред се на министрите и кога се доставуваат прашања, ако може на некои веднаш да се одговори.Тоа да се има предвид во нашата натамошна пракса.

ТОДОР ПЕТРОВ: (од место)

Дали има смисла да се поставуваат прашања со толку малку присуство?

СТОЈАН АНДОВ

Бидејќи го исцрпевте дневниот ред, седницата е завршена.

Седницата заврши во 17,10 часот.